| Одбележување на 24 Октомври – Ден на ООН | 24.10 2025 | Одговорни наставници и членови на секцијата | Одбележувањена 24 Октомври – Ден на ООН во знак на сеќавање на усвојување на Повелбата на светската организација, која стапи во сила на денешен ден во 1945 година |
| Одбележување на ослободување на Скопје | 13.11.2025 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Преку планирани активности учениците беа запознаени за ослободувањето на Скопје |
| Одбележување на Светскиот ден на детето | 20. 11. 2025 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Со низа активности го одбележавме овој ден, а на тој начин ја потврдивме и огромната општествена одговорност што ја имаме кон децата |
| Одбележувањена 8 Декември-Ден на Св.Климент Охридски | 05.12.2025 | Одговорни насатвници и членови на секцијата | Со низа активности, приспособени на возраста на децата, го одбележавме овој ден, а на тој начин ја потврдивме и нашата голема благодарност кон овој просветител кој ги поставил темелите на словенската писменост и култура, |
| Украсување на паноата по повод Нова година | 12.12.2025 | Одговорни наставници, одделенски раководители,<br>ученици членови на секциите | Украсување и уредување на паноата по повод Нова година |
| Новогодишен хепенинг | 15. 12. 2025 | Одделенски раководители, ученици, претставници од Совет на родители, од паралелка и родители на учениците | Со низа активности, украсување на паноата по повод Нова година, уредување на штандовите и продавање на изработките на учениците беше реализиран новогодишниот хепенинг |
| Одбележување на раѓањето на Ацо Шопов | 19.12. 2025 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Со положување цвеќе пред спомен-бистата на македонскиот поет Ацо Шопов денеска се одбележа неговото раѓање.<br>Учество зема новинарската секција, а беа поставени и проекти |
| Одбележување 5 јуни - Ден на животната средина | 05.06.2026 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Со низа активности, приспособени на возраста на децата, го одбележавме денот на животната средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приредба за правачињата по повод Новата година,организирана во општина Бутел и поделба на пакетчиња на учениците од прво и второ одделение од страна на градоначалникот - Дарко Костовски | 25. 12. 2025 | Одделенски раководители, учениците од прво и второ одделение | Приредба за правачињата по повод Новата година, организирана  во општина Бутел и поделба на пакетчиња на учениците од прво и второ одделение од страна на градоначалникот - Дарко Костовски |
| Свечена приредба организирана по повод Новата година, | 29.12.2025 | Сите  одговорни насатвници и членовите на секциите | Приредбата е  организирана во училиштето со учениците од прво до пето одделение под раководство на наставниците и учениците кои учествуваат во секциите |
| Одбележување на роденденот на Тоше Проевски | 23.01.2026 | Раководителите на секциите и учениците кои се членови на секциите | Одбележување на роденденот на Тоше Проевски  во знак на сеќавање на неговите дела |
| Одбележување денот на раѓањето на Гоце Делчев | 04.02.2026 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Учениците проследија предавање и изработуваа презентација |
| Одбележување на Свети Трифун и Свети Валентин | 13.02.2026 | Раководителите на секциите и учениците кои се членови на секциите | Новинарската секција  подготви содржина посветена на значењето на празниците |
| Карневал на маски организиран од Општина Бутел во с. Љубанци | 22.02.2026 | Општина Бутел ,одговорените наставници и учениците од пето одделение, | Учениците со одделенските наставници изработуваа групни маски, ја применија  креативноста, развиваа естетски чувства и   натпреварувачки дух |
| Одбележување на денот на жената 8 ми Март | 06.03.2026 | Одговорен насатвник, ученици членови насекциите | Учениците  се запознаа со значењето на -Денот на жената и изработуваа оригами и честитки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување Ден на пролетта и Ден на еколигијата - активности во училница,чистење и уредување на училницата | 23.03.2026 | Раководителите на секциите и учениците кои се членови на секциите | Активно учествуваа во акцијата за засадување цвеќе во училишниот двор и се погрижија за разубавување на просторот |
| Велигденски хепенинг организиран со учениците од прво до пето одделение во соработка со Советот на родители | 26.03.2026 | Одделенски раководители, ученици, претставници од Совет на родители, од паралелка и родители на учениците | Со низа активности, украсување на паноата, уредување на штандовите и продавање на изработките на учениците беше реализиран Велигденскиот хепенинг |
| Учество и избор на маски по повод Денот на шегата и смеата | 01.04.2026 | Одговорни насатвници, ученици, Општина Бутел | Учениците изработуваа маски, ја применија креативноста, развиваа естетски чувства и натпреварувачки дух |
| Одбележување на 2 април -Светски ден на аутизмот | 02.04.2026 | Одговорен наставник на новинарската секција и членови на секцијата | Целта на овој ден е да се подигне свеста за проблемите поврзани со менталното здравје, да се поттикне разбирање и поддршка кон личностите |
| Одбележување на Ден на здравјето | 07.04.2026 | Одговорни наставници, одделенски раководители, ученици членови на секциите | Учениците се запознаа со 7 Април – Светскиот ден на здравјето, значењето на здравјето за секоја индивидуа |
| Одбележување на Велигден со разновидни активности | 16.04.2026 | Одделенски раководители, ученици, претставници од Совет на родители, од паралелка и родители на учениците | Со низа активности, приспособени на возраста на децата, го одбележавме овој ден. |
| Одбележување 22 Април Ден на планетата Земја | 20.04.2026 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Преку планирани активности учениците беа запознаени со значењето на 22 Април Ден на планетата Земја |
| Одбележување на денот на училиштето со свечена приредба | 23.04.2026 | Одговорени насатвници и членови на секцијата | Со положување цвеќе пред спомен-бистата на македонскиот поет Ацо Шопов денеска се одбележа денот на училиштето Учениците на свечената приредба успешно се претстави со точки подготвени од учеството на секциите |
| Одбележување 1 Мај - Ден на трудот | 30.04.2026 | Одговорни насатвници и членови на секцијата | Со низа активности, приспособени на возраста на децата, го одбележавме овој ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување 123 години од смртта на Гоце Делчев | 04.05.2026 | Одговорни наставници, одделенски раководители,<br>ученици членови на секциите | Учениците проследија<br>предавање и изработуваа проекти за животот и делото на Гоце Делчев |
| Одбележување на Денот на македонската азбука | 05.05.2026 | Одговорни наставници, одделенски раководители, ученици членови на секциите | Преку планирани активности одбнележан е на Денот на македонската азбука |
| Одбележување на 9 Мај, Ден на победата над фашизмот и Ден на Европа | 08.05.2026 | Одговорен насатвник и членови на секцијата | Преку предавање и презентација учениците се запознаа со значењето на 9 Мај - Ден на победата над фашизмот |
| Одбележување 24 мај – „Св. Кирил и Методиј“ - Ден на сесловенските просветители | 22.05.2026 | Раководителите на секциите и учениците кои се членовина секциите | Преку предавање и презентација учениците се запознаа со значењето на 24 Мај – Ден на словенските просветители |
| Одбележување 1 јуни - Ден на детето | 01.06.2026 | Сите одговорни насатвници и членовите на секциите | Со низа активности го одбележавме овој ден, а на тој начин ја потврдивме и огромната општествена одговорност што ја имаме кон децата |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Во текот на оваа учебна година ученичкиот парламент работеше активно и според програмата. Членовите се состануваа еднаш месечно, во зависност од потребите. Соработката меѓу членовите беше на високо ниво, но и во рамки на секое одделение посебно. Исто така забележавме успешна соработка и со предметните наставници, стручната служба и со Советот на родители во нашето училиште. Ученичкиот парламент зеде учество во процесот на јакнење на свеста кај учениците за важноста на знаењето како и водење сметка за хигиената, Преку разговори и сугестии ученичкиот парламент навлезе во сите сфери на училиштето, како во наставниот процес, така и во работата на секциите и дополнителната и додатната настава. Освен тоа, училишната заедница беше и главен носител во организирање и реализација на приредби за учениците, потикна иницијативност, креативност, истрајност на учениците кои според насоките креираа пораки за ненасилство, борбата на зависностите, искреност, другарство соработка. Водени одлично беа подготвени ритмички точки, а некои од учениците ја покажаа својата музичка надареност преку пеење.
Во целосната реализација се вклучи секако и Советот на родители, како долгогодишен соработник на Велигденски и Новогодишни базари.

**ПРИЛОГ Годишен извештај од работата на Ученички парламент**

## 10.1. Ученички правобранител

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител, чија улога е да „се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето“. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето.

**ПРИЛОГ Годишен извештај од работата на Ученички правобранител**

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Училишните екскурзии и другите слободни активности (излети, настава во природа, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно – образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

**Воспитно – образовни цели кои беа реализирани:** совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата, меѓусебно разбирање и толеранција*.*

**Задачи:** изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

РЕАЛИЗИРАНИ УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

| Активности | Време на реализација | Локација | Учесници | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен пролетен излет | 03.06.2026 | Парк – шума Гази Баба | Ученици од I – V одд и VI – IX одд. | Директор, одделенски раководители |
| Тродневна научно – | 28 - 30.04.2026 | Охрид, Западна Македонија | Ученици од IX одд. | Директор, одделенски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| рекреативна екскурзија | | | | раководители |
| Дводневна научно – рекреативна екскурзија | 16 и 17.04.2026 | Дојран, Источна Македонија | Ученици од VI одд. | Директор, одделенски раководители |
| Настава во природа | 27.04 – 30.04.2026 | Охрид, Западна Македонија | Ученици од V одд. | Директор, одделенски раководители |
| Еднодневна научна екскурзија | 12.05.2026 | Лешок, Тетово | Ученици од III одд. | Директор, одделенски раководители |
| Еднодневна есенска екскурзија | 21.10.2025 | Парк шума Средно Водно | Ученици од I – V одд и VI – IX одд. | Директор, одделенски раководители |

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.
Училиштето континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава ученици кои го вложуваат својот максимум за реализација на сопствените афинитети и вештини.
Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за ученички натпревари**

## 13. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето се реализираат следните проектни активности:
Проект „Интеграција на еколошката едукација“, одговорен наставник Маја Чубриновска – координатор
Проект „Меѓуетничка интеграција во образованието“, Силвана Ѓуровска – координатор на ПМИО
Проект „Антикорупциска едукација на учениците“, одговорен наставник Дарко Костенцов и Марија Димовска
Проект „Ненасилно однесување во училиште“, одговорен наставник Дарко Костенцов
Проект„Хумана комуникација кај младите: Аспекти , фактори и креативни начини на нејзино развивање, одговорен психолог Адријана Зарева-Кипровска
Проект „ Отворен ден за граѓанско“, одговорен наставник Марија Димовска
Проект„ОВЕП“ (Olimpic Values Education Rrogramme), одговорен наставник Весна Додевска

**ПРИЛОГ Годишни извештаи за проекти во училиштето**

## 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

### 14.1. Постигнување на учениците

Постигањата на учениците се составен дел на извештаите за успех кои редовно се изготвуваат. Во врска со постигањата на учениците се изготвуваат и споредбени анализи од страна на стручните соработници.

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети.

Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнителната настава се изготвуваат и посебни известувања до родителите на учениците кај кои ќе се воочат потешкотии во совладувањето на матријалот по поедини предмети.

Стручните соработници преку разговори и листи за идентификација со одделенските наставници / раководители ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето. Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно консултативна работа со нив, наставниците и нивните родители/старатели. По завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици. Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето, а исто така со овие ученици психологот одржува групни советувања работилници за постигнување на горе наведената цел.

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, националност и по пол за 3 години наназад.

На крајот од учебната 2025/2026 годна учениците во однос на предметите го постигнаа следниот успех:

| Наставен предмет (4 – 9 одд.) | Среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 4,38 |
| Англиски јазик | 4,43 |
| Германски јазик | 4,26 |
| Италјански јазик | 4,38 |
| Ликовно образование | 4,73 |
| Музичко образование | 4,69 |

| | |
|---|---|
| Физичко и здраствено образование | 4,96 |
| Математика | 4,13 |
| Историја | 4,59 |
| Географија | 4,57 |
| Физика | 4,03 |
| Хемија | 4,35 |
| Биологија | 4,26 |
| Граѓанско образование | 4,64 |
| Информатика | 4,56 |
| Иновации | 4,89 |
| Природни науки | 4,55 |
| Историја и општество | 4,57 |
| Техничко образование | 4,53 |
| Техничко образование и информатика | 4,57 |
| Изборен прво полугодие | 5,00 |
| Изборен второ полугодие | 4,98 |
| Изборен 9 одделение | 4,93 |
| **Среден успех на ниво на училиште** | **4,55** |

**Извештај за избор на ученик на генерација и пофалени и истакнати ученици**

Согласно правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација, Комисијата констатира дека според критериумите од Правилникот за ученик на генарација/истакнат ученик за:

| **Истакнат ученик** | **Ученик** |
|---|---|
| V одделение | Софија Петрушевска Vб одделение |
| VI одделение | Галина Цингарска VIa одделение |
| VII одделение | Слободан Проковиќ VIIа одделение |
| VIII одделение | Весела Давидовска VIIIб одделение |

| | |
|---|---|
| **Првенец на генерација** | Јана Крстевска IXа одделение |

### 14.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето во текот на годината превзеде конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за професионална ориентација**

### 14.3. Промоција на добро состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето секоја година изработува програма со активности преку кои ја промовира добросостојбата на учениците, спроведува активности за превенција од меѓуврсничко насилство и спречување на секаков облик на дискриминација. Целта е намалување на насилното однесување на учениците и подигнување на свеста за можните последици. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за справување и разрешување на истите. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците – жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Училиштето располага и со Интерен Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во кој се содржани конктетни насоки и чекори за постапување. Истиот е објавен на веб страната на училиштето.

## 15. ОЦЕНУВАЊЕ

### 15.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

Основната цел на оценувањето е да го поддржува учењето на учениците и да придонесе за достигнување на очекуваните резултати, па затоа истото е составен дел од сите видови планирања кои ги прави училиштето и наставниците.
Во развојните и годишните планирања на училиштето се посочуваат базичните принципи, политиките и практиките на оценување, како на пример: кои методи ќе се користат, како ќе се обезбеди објективност при оценувањето и конзистентност на критериумите од еден до друг наставник, како ќе се информираат учениците и родителите/старателите, како ќе им се дава поддршка на учениците коишто имаат тешкотии

во постигнување на очекуваните резултати, како ќе се анализираат и користат добиените резултати од оценувањата кои ги спроведуваат наставниците, но и од оценувањата кои се добиени со надворешни тестирања.
При планирање на поучувањето секој наставник вклучува елементи на оценување: од следење на напредокот на секој ученик, преку користење на различни методи за формативно оценување со или без вклучување на учениците до определување на методите и инструментите за сумативно оценување. Резултатите од оценувањето кои ги добива во текот и по поучувањето наставникот ги користи за да го вреднува сопственото поучување и сознанијата до кои ќе дојде потоа ги вградува во следното планирање на наставата.
За учениците да можат да прикажат што и колку постигнале, при оценувањето се користи широк дијапазон на постапки и методи (како на пример: есејски задачи, тестови, квизови, проблемски задачи, проекти), а на учениците им се дава можност да ги прикажат своите постигања преку пишани продукти, практични продукти, усни презентации, изведби и др.
Училиштата имаат јасно поставен систем за информирање на учениците и родителите во врска со методите кои се користат при оценување, со стандардите и критериумите за оценување, со принципите на почитување на приватноста и дигнитетот на учениците и родителите, како и со подготвеноста за давање дополнителни информации.

**Формативно и сумативно оценување**

За да се овозможи секој ученик да ги постигне очекуваните резултати, наставниците применуваат формативно оценување, познато и како оценување за учење. Тоа налага наставникот да го следи учењето и напредокот на секој ученик во сите наставни ситуации, навремено да му дава повратни информации за учењето и постигањата, да го поттикнува на саморефлексија и самооценување, да му помага да си постави цели за учење и да му дава насоки како да ги постигне.
Бележењето и документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците им овозможува на наставниците да направат рефлексија врз сопствената работа, вреднувајќи ја ефективноста на одделни приоди во наставата од аспект на нивниот придонес во постигнување на поставените цели на учењето. Наставниците ги користат ваквите сознанија за да ја прилагодат својата настава на потребите на учениците и на тој начин да ги мотивираат за учење и во крајна линија – да обезбедат постигнување на рез   ултати од учењето. Документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците им овозможува на наставниците да ги вклучат родителите / старателите во пообјективно анализирање на постигањата, но и во следните чекори во учењето на нивните деца.
Сумативното оценување е поврзано со определени периоди во наставната година (крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и крај на учебна година) и има за цел да укаже на тоа колку ученикот успеал да научи, односно колку ги постигнал очекуваните резултати за конкретна тема или период. Сите информации за постигањата се дадени во вид на кус опис (кај описните оценки) и во вид на бројка (кај бројчените оценки).

**Календар на оценување**

Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки. Учениците од IV до VI одделение се оценуваат комбинирано, при што на крајот на првото и третото тримесечје добиваат описни оценки, а на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година бројчени оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по наставните предмети, како и опис на нивниот целокупен развој и социјализација.

Учениците од VII до IX одделение се оценуваат со бројчени оценки во текот на целата учебна година. Оценувањето претставува континуиран процес на следење, проверување и вреднување на знаењата, вештините и напредокот на учениците.

## 15.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди изготвува план за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците.
Стручната служба изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината според податоци добиени од одделенските раководители, како и за поведението и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик.

## 15.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Тимот за следење и анализа е составен од Директорот на училиштето и стручните соработници. Преку изработените инструменти за следење на наставен час, часови по дополнителна и додатна настава и воннаставна активност се следеше работата на наставниот кадар.
Целтта е утврдување на нивото на реализација на наставните цели од програмата, следење на постигнувањата на учениците и нивното напредување, согласно стандардите на програмата, односот на наставник кон ученик со потешкотии во учењето и/или работа со талентиран односно ученик со посебна програма за работа.
Доколку одреден наставник има потешкотии и остварува послаби резултати во работата се приоѓа кон поддршка за подобрување на работењето.

## 15.4. Самоевалуација на училиштето

Врз основа на член 129 и член 130 од Законот за основно образование, (Службен весник на РСМ, бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) Општинското основно училиште Ацо Шопов изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024-2026 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 02.10.2024 година формираше комисија за

спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Маја Ивановска, педагог
2. Ивона Бојчева, одделенски наставник
3. Светлана Латиновска Пислевска, одделенски наставник
4. Весна Јакомовска, наставник по физика (ментор)
5. Марија Тимотиевиќ, родител

Самоевалуацијата беше спроведена во период од март-јуни 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисјата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата.

Самоевалуацијата ги опфати следните подрачја:

- Планирање, учење и настава;
- Постигања на учениците;
- Училишна клима и односи во училиштето;
- Управување, раководење и креирање политики.

**ПРИЛОГ Извештај од самоевалуација 2024-2026**

## 16. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето:

- Развива и спроведува политики за сигурна и безбедна училишна средина.
- Применува превентивни активности за безбедност.
- Развива и применува превентивни активности за почитување на правата на учениците (безбедност, недискриминација и сл).
- Создава услови за почитување на индивидуалните разлики и развој на сите ученици.
- Има инклузивен пристап во воспитно – образовниот процес и ги разбира потребите на различни групи ученици.
- Поттикнува активности од мултиетнички и мултикултурен карактер.
- Обезбедува слободно и конструктивно вклучување на учениците во животот на училиштето.

| Активности | Цели | Учесници | Исходи |
|---|---|---|---|
| Активности од Проектот Мултиетничка интеграција во образованието | -успешно ги применуваат своите вештини и спортски натпреварувачки дух. | Ученици од петто одделение | Учество во штафетни игри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на 3 декември-Ден на лица со попреченост | -да се развива грижа и емпатија кон лицата со попреченост | Ученици од прво а одделение | Изработка на хамер |
| Одбележување на 3 декември-Ден на лица со попреченост | -да се развива грижа и емпатија кон лицата со попреченост | Учениците од II б одд, одд. наставник Магдалена Андонова, специјален едукатор и рехабилитатор Марина Минцинковска Апостоловска и образовен асистент Елена Ѓиновска. | Работилница и изработка на хамер и ланчиња во форма на срце со апликација на лица со попреченост |
| Работилница за превенција од зависностите | -борба против негативните влијанија и последиците од употреба на цигари, алхохол и дрога | Ученици од петто одделение Одговорен наставник:Валентина Јоцевска | Учество со ликовни творби, истражување и изработка на проекти во кои го применија наученото |
| Одбележување на Светскиот ден на децата во рамките на еТвиннинг и Еразмус проектот за ненасилство во училиштето | -да се запознаат со правата на децата | Ученици од одделенска настава | Изработка на плакати со правата на децата |
| Едукации за превенција од болести на зависности | -да се запознаат со штетните последици од употребата на алкохол, никотин и дроги | Црвен крст на РСМ – Општинска организација Чаир<br>- над 300 ученици и наставници | Едукација за значењето на здравите животни навики и навремената поддршка. |
| Еразмус+ проектот за ненасилство „How to prevent bullying and cyberbullying in schools and promote social emotional learning“ | -да воочат дека сите се посебни личности и имаат различни желби | Учениците од 6в одделение со својот раководител Весна Јакимовска | Изработка на тотеми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обука за Еразмус проектот на тема ,,Како да се спречи булинг и сајбер булинг во училиштето и да се промовира социјално и емоционално учење“. | -Се запознаа со поимот булинг или меѓуврсничко насилство | Учениците од II б одд. наставник Магдалена Андонова | Оспособување да ги разликуваат поимите сајбербулинг и конфликт. |
| Отворен час за видови на булинг | -презентирање на порака на ненасилство | Ученици од 4б одд.<br>Одделенски наставник:Живка Радичевска<br>Одделенски наставници<br>Стручна служба | Оспособување да ги разликуваат поимите булинг и конфликт. |
| Работилница „Биди пријател, не насилник“ во ООУ "Ацо Шопов" по повод Еразмус денови 2025 | -да ја разберат врската помеѓу индивидуалните постапки,групниот притисок и насилството, како и важноста од изборот да се биде добар и сочуствителен. | Ученици од одделенска настава<br>Предметен наставник:Александра Ѓорѓиевска | Изработка на хамери |
| Одбележување на детската недела | -Се запознаа со детските права | Одговорен наставник м-р Александра Ѓорѓиевска<br>Ученици од 4 и 5 одделение | Пеење на песна и изработија цртежи со детските права. |
| Одбележување на Меѓународниот ден на ненасилство | Одбележување на Меѓународниот ден на ненасилство | Еразмус тимот при училиштето, под раководство на координаторот на Еразмус+ проектот за ненасилство , м-р Александра Ѓоргиевска<br>-ученици од предметна настава | Работилница за ненасилство со учениците од предметна настава |
| - Под мотото „ Детето денес – иднината утре! Се одржа приемот на првачиња во,, Детската организација,, | -се запознаваат со правата на децата | Ученици од одделенска настава | Свечена приредба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Инклузивната танцова претстава:,,Сонот на едно дете" | Да направиме и бидеме позитивна промена во нечиј живот. | Ученици од предметна настава | Следење на инклузивна танцова претстава |
| Предавање за унапредувањето на дигиталната безбедност во нашата држава | Јакнење на заштитата на децата и младите во онлајн просторот | Наставници од предметна настава -„MKSafeNet –Национален центар за побезбеден интернет, | Приближување до најдобрите европски стандарди. |
| Заедничка МИО активност ПОСЕТА НА СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА | -да се запознаат со просториите во Собранието и начинот на работа на законодавниот дом | Учениците од предметна настава Одговорни наставници: Весна Додевска, Виолета Тодоровска и Дарко Костовски | Имаа можност учениците да следат предавање и поставување на прашања |
| Активност „Да го препознаеме булингот“ во рамките на еТвининг проектот | -да научат да ги препознаваат различните форми на булинг и да го разберат неговото емоционално и социјално влијание | Ученици од 5 одделение и наставникот по англиски јазик Александра Ѓорѓиевска | Главната воспитно-образовна порака на часот беше развивање емпатија, почитување на различностите и охрабрување на учениците да реагираат одговорно кога ќе забележат булинг. |
| Одбележување на Денот на е-безбедност во рамките на еТвининг проектот | -подигање на свеста кај учениците за безбедно и одговорно користење на интернетот. | Ученици од предметна настава, наставници од предметна настава:Александра Јордановска, Весна Јакимовска, Дарко Костенцов и Александра Ѓорѓиевска | Преку разговори, интерактивни активности и креативни задачи, учениците учеа како да препознаат сајбер булинг и како да се однесуваат со почит во онлајн средината. |
| Вежба за евакуација во случај на земјотрес. | -во случај на земјотрес да бидат подготвени заправилно и безбедно изведување на вежбите | Ученици од одделенска настава и наставници од одделенска настава | Овие вежби се од особена важност за безбедноста во училиштето и се дел од програмата за заштита и безбедност во рамките на ПЦК. |
| Едукативно предавање на тема „Интернетот не е само игра – Кликај безбедно!“. | - да научат колку е важно интернетот да се користи внимателно, одговорно и безбедно. | Учениците од IV а,б,в,г, наставници од одделенска настава и вработени од А1 | Учениците добија брошура. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работилница за пружање прва психолошка поддршка на лица во стресна состојба | -да можат да се справат при стресна состојба | Во соработка со ООЦК Чаир и Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка.и ученици од предметна настава | Да се намалат можностите за долготрајни последици |
| Одбележување на Светскиот ден на лицата со Down_синдром , | -да се прифатат различностите кај децата со посебни потреби | Предметен наставник Марија Димовска, спец.едукатор и рехабилитатор Марина М.Апостоловска и ученици од 8 одделение | Изработка на хамер |
| Посета на Противпожарната бригада на град Скопје | -се запознаа со начинот и работата на пожарникарите | Ученици од 3г одд. и наставничката Сашка Смилковска | Учениците одблизу се запознаа со начинот и работата на пожарникарите |
| Одбележување на Меѓународниот ден на свеста и подршката на лицата со аутизам. | -да се прифатат различностите кај децата со посебни потреби | Учениците од Ia одделение заедно со одд.раководител Златка Давиткова и образовниот асистент Сања Минковска | ,,Секој човек е различен, а сите заедно сме како делови од една сложувалка што се вклопуваат во една целина". |
| ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 2 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА АУТИЗМОТ | -да се прифатат различностите кај децата со посебни потреби | Учениците од II б одд. Одделенски наставник: Магдалена Андонова Образовен асистент: Јона Аврамовска | Презентација и работилница под мото:Убаво е да си свој, убаво е да си различен! Зашто токму различностите нѐ поврзуваат и нѐ учат да сакаме повеќе |
| Под мотото Обои ме сино го одбележуваме 2 Април, меѓународниот ден за подигање на свеста за аутизмот. | -да ја сензибилизираат средината, да ги слушнат, разберат и поддржат лицата со аутизмот. | Ученици од 6 одделение и наставникот Весна Додевска | Работилница со хамери и изработки под мото ,,Обои ме во сино" |
| Одбележување на денот на Европа и еТвиннинг | -да се почувствуваат горди што припаѓаат на европска држава | Ученици од 5в одделение и наставникот Александра Ѓорѓиевска | Видеа со учениците |
| Воведување дигитална форма за пријавување инциденти. | -унапредување на безбедноста на учениците и превенција од секаков облик на насилство | Наставник Дарко Костенцов | Преку скенирање на QR кодот од постерот, учениците имаат можност брзо и безбедно да пријават:Булинг и задевање (вербално, физичко или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | психичко насилство);Физичко насилство и закани;Онлајн вознемирување;Употреба или поседување недозволени средства |
| Панел-дискусија на тема „Штетните влијанија од алкохолот, цигарите и наркотичните средства“ | -Запознавање со последиците и ризиците од употребата на овие штетни супстанции. | Даниела Тасевска, доктор интернист во поликлиниката Бит Пазар,и ученици од 9 одделение | Учениците со големо внимание ја следеа дискусијата, активно учествуваа и поставуваа прашања, покажувајќи интерес за темата и важноста за градење здрави животни навики |
| МИО активност | да се запознаат, да соработуваат и да градат меѓусебна почит, разбирање и пријателство. | Ученици од четврто и петто одделение,наставниците Силвана Ѓуровска и Билјана Трајаноска | Преку квиз-натпревар учениците го покажаа своето знаење, тимскиот дух и способноста за соработка. |

## 17. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 17.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во текот на учебната година води грижа за хигиената во училишниот објект. Во училиштето се врши тековно дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Ходниците, тоалетите и училниците се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

### 17.2. Систематски прегледи

- Задолжителни систематски прегледи;
- Задолжителни стоматолошки прегледи;
- Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед;
- При запишување на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација и стоматолошки преглед за детето како услов за запишување.

### 17.3. Вакцинирање

Вакцинирање се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинација се врши за ученици од одделенска и предметна настава и истата се врши во поликлиниката Чаир со присуство на родителите и одделенските раководители.

### 17.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

Во текот на изминатата учебна година, ООУ „Ацо Шопов" посвети значително внимание на едукацијата за здрава исхрана, препознавајќи ја клучната улога на правилната исхрана во севкупниот развој и здравје на учениците. Реализирани се повеќе активности со цел подигнување на свеста кај учениците, наставниците и родителите за важноста на балансираната исхрана и здравите навики.

**Одбележување на 16 Октомври – „Светски ден на здравата храна"**

Централна активност во рамките на едукацијата за здрава исхрана беше одбележувањето на 16 Октомври – „Светски ден на здравата храна". По тој повод, училиштето организираше низа интерактивни и едукативни настани, во кои активно беа вклучени учениците од различни

одделенија.
**Работилници за подготовка на здрава храна**: Учениците, под менторство на наставниците, а со поддршка од родителите, учествуваа во работилници за подготовка на оброци и ужини од здрави состојки.
**Изложби и презентации:** Во рамките на одбележувањето, беше поставена изложба на производи и креации направени од здрава храна.
**Едукативни материјали и дискусии**: Активностите беа придружени со едукативни разговори и презентации за придобивките од здравата исхрана, штетноста на брзата храна и слатките пијалоци, како и совети за одржување на здрав начин на живот. Фокусот беше ставен на подигање на свеста за важноста на одржливото производство на храна и свет без глад, како што е наведено во пошироките цели на Светскиот ден на храната.
**Придонес и резултати:**
Со овие активности, училиштето „Ацо Шопов“ успешно придонесе кон:

- Подигнување на свеста кај учениците за значењето на здравата исхрана.
- Развивање на практични вештини за подготовка на здрави оброци.
- Поттикнување на креативноста и тимската работа меѓу учениците.
- Зајакнување на соработката помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница во промовирањето на здрави навики.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за грижа за здравјето на учениците**

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

Во училиштето континуирано се вложуваат напори за создавање позитивна, безбедна и поттикнувачка средина во која секој ученик е во центарот на воспитно-образовниот процес. Основна цел е обезбедување еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, без оглед на нивните индивидуални карактеристики, способности, етничка припадност или социјален статус. Инклузивноста, меѓусебното почитување, мултикултурната разноликост и меѓуетничката интеграција претставуваат темелни вредности врз кои се гради училишната култура.Училиштето активно ја поттикнува тимската работа, креативноста, иновативноста и критичкото размислување како предуслови за личен и академски успех. Посветеноста кон етичките принципи, професионалноста и одговорноста се негуваат кај сите членови на училишната заедница. Се создава атмосфера исполнета со доверба, емпатија, сигурност и грижа, во која учениците се чувствуваат прифатени, мотивирани и охрабрени да ги развиваат своите потенцијали.Особено внимание се посветува на поддршката на учениците со посебни образовни потреби, како и на учениците од ранливи категории, преку индивидуализиран пристап и соодветни форми на поддршка. Се спроведуваат активности и програми за унапредување на менталното здравје, емоционалната благосостојба и социјалните вештини на учениците, со цел нивен целосен и хармоничен развој.Наставниот кадар поставува високи, но реални и достижни очекувања и континуирано работи на унапредување на наставниот процес преку примена на современи наставни методи, иновативни пристапи и дигитални технологии. Се поттикнува професионалниот развој на наставниците преку обуки, семинари и размена на добри практики, со што се обезбедува

квалитетна и современа настава.Во училиштето се негува култура на соработка и партнерство меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната заедница. Политиката на „Отворени врати“ овозможува транспарентна комуникација и активно вклучување на сите засегнати страни во процесите на планирање, донесување одлуки и реализација на училишните активности. Посебно внимание се посветува на развивањето и одржувањето партнерства со институции и организации со цел збогатување на образовните можности и создавање услови за практично учење и личен развој на учениците.Училиштето активно ги поддржува ученичките иницијативи, воннаставните активности, натпреварите, хуманитарните акции и проектните активности кои придонесуваат за развој на лидерски способности, креативност, самодоверба и чувство на општествена одговорност. Се поттикнува развојот на еколошката свест со што учениците се подготвуваат за одговорно учество во современото општество.Континуирано се следат и анализираат односите меѓу сите членови на училишната заедница, а врз основа на добиените сознанија се преземаат мерки за унапредување на училишната клима и култура.

## 18.1. Дисциплина

Училиштето спроведе активности за подобрување на училишната дисциплина на учениците и вработените. Постои Куќен ред во училиштето и Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите.

Училиштето изготви распоред на дежурни наставници кои ја следат и контролираат дисциплината, однесувањето и безбедноста на учениците во ходниците, училниците, санитарните јазли, училишниот двор и сите други простории, од отворањето до затворањето на училиштето во текот на денот. Распоредот е истакнат на огласна табла во наставничката канцеларија и дежурните наставници, тековно подготвуваат и водат писмена евиденција за тековното збиднување за време на одморите.

Покрај дежурствата на наставниците во училиштето се организира и дежурства од страна на учениците кои работат според правилник за дежурства на учениците кои евидентираат влез, излез на надворешни лица.

## 18.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Средување на училишниот двор, училишната зграда, подготвки за првиот училиштен ден. | Косење на тревата, чистење на училишниот двор, уредување на паноата во училиштето, украсување на сцената. | Општината и Училиштето | 1.9.2025 | Естетско уреден двор, украсена бина. |
| Одбележување на празникот 8 Септември | Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов, ученици од предметна настава | 5.9.2025 | Украсени паноа со литературни и ликовни творби. |
| Одбележување и прославување на Европскиот Ден на јазиците | Приредба за учениците од 6то и 7мо одделение преку изведба на точки изведени на различните јазици кои се изучуваат во нашето училиште | Весна Додевска, Александра Јордановска, Билјана Ристоска Стомнароска,, Валентина Зотевска, Весна Стојановска, Радица Милковска, Виолета Тевдовска | 26.9.2025 | Учениците се запознаа со значењето на Денот на Европските јазици и важноста во изучувањето и познавањето на повеќе јазици |
| Одбележување на светскиот ден против насилството | Одржана работилница за ненасилство. Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Александра Ѓорѓиевска, Весна Јакимовска Маја Ивановска, Марија Димовска, Живка Радичевска Александра Јорданоска, Марија Рангелова, Радица Милковска | 2.10.2025 | Украсени паноа со ликовни творби |
| Светскиот ден на учителот | Литературно уредување на паноата во училиштето | Одделенските наставници | 5.10.2025 | Украсени паноа со литературни и ликовни творби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња во „Детската организација“ | Уредување на паноата во училиштето, украсување на сцената. | Одделенските наставници | 10.10.2025 | Украсени паноа со креативни ликовни творби. |
| Одбележување Еразмус денови | Еразмус штафета - кутија во движење | Александра Јорданоска Александра Ѓорѓиоска | 14.10.2025 | Учениците се информираа за Еразмус програмите, имаа можност да слушнат искуства од нивни соученици - учесници во Еразмус. |
| Одбележување на „Денот на востанието“ 11 Октомври | Уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов | 11.10.2025 | Украсени паноа со креативни изработки, учениците ги проширија своите знаења за овој празник. |
| Одбележување на 16 – ти Октомври „Светскиот ден на здравата храна" | Уредување на паноата во училиштето со изработки за здрава храна, украсување на сцената. | Одделенските и предметните наставници, нутриционист, доктор. | 16.10.2025 | Уредени паноа во училиштето со изработки за здрава храна, развиена свест кај учениците за важноста на здравата исхрана. |
| Одбележувањето на 23 Октомври , Денот на македонската револуционерна борба | Приредба, уредување на паноата во училиштето | Весна Додевска | 23.10.2025 | Учениците  ги проширија своите знањеа за овој празник. Уредени паноа со учесниците во македонската револуционерна борба. |
| Меѓународен ден на Организацијата на Обединетите Нации, 24 октомври | Драматизација подготвена и изведена од учениците | Виолета Тевдовска, | 24.10.2025 | Учениците се информираа за историјата на ООН, структурата и целите на оваа голема и значајна меѓународна организација и за нејзината мисија за мир и соработка и за човековите права |
| Одбележување на месецот на книгата | креативни паноа | Билјана Стомнароска | 28.10.2025 | Подигнување на свеста за читањето книги. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Весна Додевска<br>Александра Јорданоска<br>Рада Гроздановска<br>Звонко Николовски | | |
| Одбележување XXV Недела на италијанскиот јазик во светот. | песни, постери и креативни активности | Радица Милковска | 31.10.2025 | Учениците преку песни, постери и креативни активности ја покажаа љубовта кон италијанскиот јазик |
| 13 Ноември, Денот на ослободување на Скопје | Приредба, уредување на паноата во училиштето | Весна Додевска | 13.11. 2025 | Учениците ги проширија своите знаења за овој празник. Уредени паноа. |
| Одбележување на Денот на детето | Креативни изработки | Маја Ивановска | 16.11.2025 | Подигнување на свеста за важноста од правилен психофизички развој на децата во организација на педагогот и ученикот правобранител. |
| Месецот ноември е посветен на борба против негативните влијанија и последиците од употреба на цигари, алхохол и дрога | работилница за превенција од зависностите, изработка за постери. | Наставници од V одд. | 20.11.2025 | Подигање на свеста кај учениците за штетните последици и опасностите од пороците |
| Одбележување на 8 декември – Денот на Свети Климент Охридски. | Уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов, Марија Димовска | 8.12.2025 | Учениците се информираат за делото на првиот словенски епископ, писател, просветител и творец на Охридската книжевна школа. |
| Естетско уредување на аулата и училниците по повод новогодишните празници. | Уредување на аулата и училниците по повод новогодишните празници. | Ване Ѓорговски, одделенските и предметните наставници | 18.12.2025 | Убаво украсена аула и училници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Раѓањето на Ацо Шопов | Литературно читање, уредување на паноата во училиштето | Александра Јорданоска, Билјана Ристовска Стомнароска | 19.12.2025 | Учениците ги проширија своите знаења за животот и делото на Ацо Шопов |
| Сеќавање на Тоше Проески | Уредување на паноата во училиштето | Елена Златкова | 23.1.2026 | Ги воспитуваме нашите ученици да го следат неговиот пример на човечност, добрина и несебична љубов |
| Одбележување 154 години од раѓањето на Гоце Делчев. | Уредување на паноата во училиштето со ликовни и литратурни творби | Дарко Костенцов | 4.2.2026 | Учениците ги проширија своите знаења за животот и делото на Гоце Делчев |
| Одбележување на е-безбедност | Преку разговори, интерактивни активности и креативни задачи, учениците учеа како да препознаат сајбер булинг и како да се однесуваат со почит во онлајн средината | Весна Јакимовска Александра Ѓорѓиоска, Дарко Костенцов | 10.02.2026 | подигање на свеста кај учениците за безбедно и одговорно користење на интернетот. |
| Одбележување на Денот на вљубените 14 Февруари | Пораки и писма за среќа, љубов и пријателство во плик праќани преку училишната пошта | Англиски Клуб - Ацо Шопов | 14.2.2026 | Учениците се запознаа со дел Британската култура преку размена на картички за љубов и пријателство преку насмевки и позитивна енергија и изработка на кратко видео |
| Ден на мајчиниот јазик | Приредба, изработка на Канва постери инспирирани од јазиците, цртежи со Крсте Мисирков и Блаже Конески, втемелувачите на | Весна Додевска, Ване Ѓорговски, Димитар Димитров | 21.2.2026 | Учениците изработија Канва постери инспирирани од јазиците, цртежи со Крсте Мисирков и Блаже Конески. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | македонскиот јазик. | | | |
| Одбележување Светски ден на математиката, Пи ден. | Изработки од учениците | Весна Јакимовска, Елена Златкова, Дара Драгановска, Јасминка Раденкова | 13.3.2026 | Учениците изработуваа уметнички дела користејќи линии и математички форми. |
| Одбележување Светски ден на рециклирањето | Изложба на изработки од рециклирани материјали и еколошки пораки | Одделенски и предметни наставници | 18.03.2026 | Учениците преку изложба на изработки од рециклирани материјали и еколошки пораки покажаа дека грижата за природата започнува од најмала возраст |
| Одбележување на светскиот ден на лицата со Down sindrom | Креативни изработки од учениците | Марија Димовска, Марина Минциковска Апостоловска | 23.3.2026 | Учениците преку изработка на  хамер се запознаа со Down sindrom и потребите на тие деца. |
| Одбележување на ,,Денот на екологијата,, | активности на учениците од 1-9 одд.со расчистување на училишниот двор ,засадување на цвеќиња ,чистење на училниците и спортските терени околу училиштето и цртање на тема,,Екологија,, | Маја Чубриновска | 24.03.2026 | Развивање свест кај учениците за Екологија. |
| Велигденскиот базар | Креативни ликовни творби, креативно изработени паноа, најкреативно јајце. | Совет на родители, одделенските наставници | 27.3.2026 | Креативни изработки од учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Денот на шегата 1ви Април | Украсување на аулата на училиштето со креативни изработки | Одделенските и предметните наставници | 1.4.2026 | На симболичен начин се прослави денот на шегата, продефилираа првоаприлските маски низ нашиот хол. |
| Одбележување 2 Април, Меѓународниот ден за подигање на свеста за аутизмот | Приредба, изработки, пораки за аутизам, постери. | Весна Додевска, Златка Андонова Магдалена Андонова | 02.02.2026 | Учениците испратија порака за аутизам со цел да ја сензибилизираат средината, да ги слушнат, разберат и поддржат лицата со аутизмот. |
| Одбележување на "Светскиот ден на здравјето - 7ми април" | Практично предавање и интерактивни вежби кај најмалите | Валентина Зотевска | 07.04.2026 | Подигање на свеста за здравјето кај најмалите. |
| Одбележување на денот на планетата Земја | Уредување на паноата во училиштето со ликовни и литратурни творби. | Билјана Јосимовска | 22.4.2026 | Љубовта кон планетата Земја, учениците ја искажаа и преку нивните креативни изработки со цел да ја сакаме почитуваме и заштитуваме. |
| Набавка на нови завеси за сите училници | Уредување на училниците со завеси | Совет на родители | 08.04.2026 | Направен е значаен придонес кон подобрување на условите во нашето училиште преку набавка на нови завеси за сите училници |
| Одбележување на Денот на планетата Земја. | Учениците изработија едукативни постери хамери, креативни изработки,пригодни творби,посветени на зачувување на природата.<br>Дополнително, учениците приредија | Билјана Јосимовска Маја Чубриновска Елена Јанчевска Терзиевска | 22.4.2026 | Подигање на свеста за грижата на планетата Земја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | кратка приредба, посветена за грижата и развивање на совест за зачувување на нашата планета . | | | |
| Одбележување на „Денот на училиштето" | Средување на училишниот двор. | Маја Чубриновска | 26.4.2026 | Засадување на цвеќиња и средување на дворот по повод Денот на училиштето. |
| Одбележување на Денот на училиштето, под мотото: „Од небиднина до дигитална иднина“ | Приредба,креативни изработки, уредување на аулата | Александра Јорданоска<br>Билјана Ристоска Стомнароска<br>Благица Јанковска<br>Светлана Латиновска Пислевска<br>Марија Анѓелова<br>Ване Ѓорговски | 26.4.2026 | Наставниците заедно со своите ученици изработија креативни паноа и изработки. |
| Одбележување 123 години од смртта на Гоце Делчев | Изработка на креативни картички и Паноа со ликот на Гоце Делчев | Дарко Костенцов | 04.05.2026 | Учениците ги проширија своите знаења за животот и делото на Гоце Делчев |
| Одбележување на 5 Мај денот на македонската азбука | Приредба, украсување на бината со креативни изработки | Весна Додевска, Александра Јорданоска, Билјана Ристовска Стомнароска | 05.05.2026 | Развивање свест кај учениците за значењето и употребата на македонската азбука. |
| „Генералка викенд" | Еко настан за одржување на чиста животна средина | Маја Чубриноска | 8.5.2026 | Развиена еколошка свест кај учениците |
| Одбележување на Денот на победата на фашизмот | Изработка на паноа | Билјана Стаменковска | 9.5.2026 | Учениците ги проширија своите знаења |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 24 Мај, Денот на светите браќа Кирил и Методиј | Изработка на креативни постери со помош на дигитални алатки | Наставниците по македонски јазик, Библиотекар | 24.05.2026 | Учениците истражуваа и ги проширувaа своите знаења за словенските браќа |
| Снимање на генерациско видео генерација 2017/2026 година | Изработка на капи и украсување на сцната | Совет на Родители, предметни и одделенски наставници и ученици | 10.06.2026 | Успешно снимено видео |

## 18.3. Етички кодекси

Во нашето училиште постои Кодекс на однесување во училиштето во кој  се одредени:

- општи правила за однесување на учениците;
- правила врзани за наставата;
- правила за однесување за време на одмор;
- правила за однесување на наставниците и другите вработени во училиштето и
- правила за однесување на родителите.

Покрај овој кодекс постои и Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците во кој се одредени правила за оценување. Сите во училиштето се стремат кон почитување на овие етички кодекси. Исто така во училиштето има изработено куќен ред. Сите етички кодекси се истакнати на видно место во училиштето и објавени на веб страната.Во август 2025 година се направени и измени во правилниците за Интерен акт за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и знемарување; Правилникот за екскурзии; Правилникот за истакнат наставник и стручен соработник. Оваа година исто така се направени и измени во Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација.

## ПРИЛОГ Кодекс на однесување во училиштето

## 18.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат:

- формални средби: состаноци, работилници, дебати.
- неформални средби: заедничко еднодневно дружење на сите вработени на крајот од учебната година.

Во текот на учебната година беа воспоставени и континуирано одржувани професионални, конструктивни и координирани односи меѓу сите структури во училиштето, во согласност со планираните активности во Годишната програма за работа. Комуникацијата меѓу сите вклучени субјекти беше ефикасна, навремена и транспарентна, при што тековните прашања и предизвици се разгледуваа и решаваа заеднички, со единствена цел – непречено функционирање и унапредување на воспитно-образовниот процес. Во училиштето е евидентен посебен акцент на тимската работа, професионалната одговорност и меѓусебната доверба, кои значајно придонесуваат за создавање позитивна работна и социјална клима.

Во рамките на структурите, констатирани се следните состојби:

- **Раководен кадар, наставници и стручна служба**: Соработката помеѓу раководниот кадар и наставниот кадар се одвиваше во насока на ефикасна организација на наставата. Комуникацијата беше редовна и институционализирана преку наставнички совети, со состаноци на стручните активи и работни средби. Паралелно, соработката помеѓу раководниот кадар и стручната служба се реализираше низ редовна и конструктивна координација, при што заеднички се следеше реализацијата на воспитно-образовните активности и се обезбедуваше системска поддршка за сите чинители.
- **Наставници и ученици:** Односите се темелат на взаемна почит, доверба и висок професионален пристап. Наставниците во континуитет обезбедуваа поддршка, менторство и насоки за успешно совладување на наставните содржини, со посебен акцент на препознавање и задоволување на индивидуалните потреби на учениците.
- **Стручна служба и ученици**: Стручната служба даде исклучителен придонес преку активна советодавна работа, редовно следење на напредокот на учениците и навремено пружање поддршка при соочување со воспитни, социјални или образовни тешкотии, што директно влијаеше врз подобрување на емоционалната клима во училиштето.
- **Училиште и родители**: Партнерството со родителите се реализираше редовно и системски преку родителски средби (совети на родители), индивидуални консултации и советодавно-информативни разговори. Оваа отворена и двонасочна комуникација резултираше со заедничко и ефективно решавање на прашањата поврзани со успехот, напредокот и однесувањето на учениците.

# 19. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 19.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.

## 19.2. Активности за професионален развој

Училиштето има формиран тим за професионален развој кој воспостави систем (процедури за планирањето и реализирањето на стручното усовршување) што опфаќа:

- Идентификувањето на потребите на наставниците / стручните соработници за професионален развој;
- Донесување одлуки за приоритети на училиштето врз основа на самопроценката и програмата за развој;
- Подготовка на личен план за професионален развој од страна на секој наставник / стручен соработник и усогласување на ниво на акти;
- Групирање на индивидуалните потреби за стручно усовршување на наставниците / стручните соработници и нивно усогласување со приоритетите на училиштето;
- Идентификување на ресурсите потребни за поддршка на програмата за професионален развој;
- Следење на реализацијата и ефектите од професионалниот развој и користење на резултатите при идното планирање на професионалниот развој;
- Ангажирање на искусниот кадар во улога на обучувачи за дисеминација на иновациите и во улога на ментор и за поддршка на професионалниот развој на колегите;
- Планирање на заеднички професионален развој со други училишта преку воспоставување мрежи за заемна поддршка.

## 19.3. Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот.

### 19.4. Хоризонтално учење

Дел од професионалниот развој е и хоризонталното учење, процес кога наставниците учат еден од друг. Хоризонталното учење подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминација, работилници и колегијална менторска поддршка.

### 19.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно – образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти и ја прави училиштето. За таа цел воспитно – образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник – ментор, Професионалните стандарди за наставник – советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и се базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација. Во нашето училиште има еден наставник – ментор.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

## 20. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

### 20.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

ООУ ,,Ацо Шопов“ од Скопје активно ги вклучува родителите во работата и животот на училиштето и тоа: заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта е да се зајакне врската родител – ученик – наставник. Родителите соработуваат со наставниците, стручните соработници и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор и комисии и тимови. Воспоставува ефективни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството. Соработува со Советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето.

### 20.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно – образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, учествуваат во организирање на разни работилници, трибини и дебати, помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали. Училиштето има воспоставено механизми за редовно прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот на наставата.

### 20.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку презентации, соопштенија на веб страна, брошури и флаери. Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно – консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Со почетокот на учебната година училиштето изготви Училишен информатор за целокупната работа во училиштето.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за соработка на училиштето со родителите/старателите**

## 21. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето има континуирана соработка со локалната самоуправа како еден од главните услови за успешно и квалитетно реализирање на бројни актиности во склоп на програмата на училиштето и имплементација на проекти. Планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности).

- Информирање на заедницата за потребите на училиштето и обезбедување на поддршка.
- Соработува со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и слично).
- Организира соработка со родителите и заедницата преку формирање разни тела за решавање одредени актуелни прашања.
- Се вклучува во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.
- Соработува со заедницата со цел сите деца да бидат вклучени во образованието.

- Соработува со воспитно – образовни институции во и надвор од државата.
- Ги поттикнува вработените и обезбедува услови за соработка со други училишта.
- Соработува со граѓанскиот сектор и активно ги вклучува вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето.
- Обезбедува можности учениците нивното знаење и искуство да го надградат преку соработка во јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор.
- Промовира и прифаќа вклучување волонтери во училиштето и волонтерско ангажирање на учениците и вработените во заедницата.
- Соработка со соодветни агенции за заштита и поддршка на младите.

Училиштето со цел зачувување на здравјето на децата и вработените редовно соработува со институции како: Поликлиника Чаир, Координативно тело за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0 – 14 год. во РСМ, Центар за јавно здравје, Завод за ментално здравје.

Соработува со институции надлежни за образованието (МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ДПИ и др.). ПОУ „Иднина“. Ја поттикнува меѓу училишната соработка и обезбедува соработка со други училишта со различен наставен јазик. Учествува во планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование.

## 22. ПРИЛОЗИ:

### 22.1. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор при ООУ „Ацо Шопов“ – Скопје, Бутел работи согласно Годишната програма на Училишниот одбор.

Во учебната 2025/2026 година Училишниот одбор е во состав од Ивана Ѓорѓиевска – претседател (претставник од Совет на родители од 26.06.2025 година) и Зорица Бојковска – претседател ( претставник од Совет на родители од 18.11. 2025 година), Наташа Денчевска Ѓоргиева - заменик претседател (претставник од Совет на родители од 18.09.2025 година) и Роберт Денковски (претставник од Советот на родители од 18.09.2025 година), преставник од Општина Даниел Ѓурчилов (од 29.04.2025 година), Марија Димовска – записничар (претставник од редот на наставниците од 5.11.2024 година), Ивона Бојчева (претставник од редот на наставници од 01.10.2025 година) и Валентина Јоцевска (претставник од редот на наставниците 27.11.2023 година).

Сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од Училишниот одбор, а со нив раководи претседателот на Училишниот одбор. Состаноците се од отворен карактер и по потреба присуствуваат покрај членовите на Училиниот одбор и директорот, секретарот, претставници од училишен парламент, стручната служба, членови на комисии, одговорни на тимови и слично.

Одлуките кои се донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и редовно се објавуваат на огласната табла.

Според Годишната програма на Училишниот одбор од 01.07.2025 година до 1.07.2026 година реализирани се следниве активности:

| Датум | Активности | Присутни на состанокот |
|---|---|---|
| 07.07.2025 | 1. Усвојување на Годишниот извештај за работа на Училишниот одбор;<br>2. Усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година и предлагање на извештајот до Советот на Општина Бутел:<br>3. Запознавање со Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2025/2026 година.<br>4. Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Ивана Ѓорѓиевска и од основачот, Општина Бутел-Даниел Ѓурќилов..<br>Состанокот го водеше претседателот на Училишниот Одбор Ивана Ѓорѓиевска |
| 18.09.2024 | 1. Одобрување на Програма за екскурзии, излети, и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2024/2025 година;<br>2. Формирање на Комисија за спроведување на постапката за екскурзии во учебната 2024/2025 година;<br>3. Предлог финансиски план до Совет на Општина Бутел;<br>4. Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска и Ивона Бојчова, од Советот на родители присуствуваа Маја Димовска, Ивана Ѓорѓиевска и Александар Гиговски. Оправдано беше отсутен, претставник од основачот, Општина Бутел - Методија Секуловски. На состанокот беше присутна директорката Билјана Симоноска |

| | | |
|---|---|---|
| | | Антовска. |
| 01.10.2025 | 1.Верификација на мандат на членови на Училишниот одбор избрани од редот на наставници.<br>2.Донесување на Одлука за избор на најповолна понуда за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2025/2026 година.<br>3.Формирање на Комисија за фотографирање на ученици во учебната 2025/2026 г.<br>4.Формирање на Комисија за осигурување на ученици за учебната 2025/2026 год.<br>5.Запознавање на Училишен одбор со склучени Договори за закуп на училишен простор.<br>6.Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Ивана Ѓорѓиевска, Роберт Денковски и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов. Оправдано отусетна беше претствникот од Совет на родители Наташа Денчевска Ѓоргиева<br>На состанокот беше присутна директорката на училиштето Билјана Симоноска Антовска.<br>Состанокот го водеше претседателот на Училишниот Одбор Ивана Ѓорѓиевска |
| 03.10.2025 | 1.Донесување на Одлука за избор на најповолна понуда за осигурување на учениците во учебната 2025/2026 година;<br>2.Тековни прашања. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Ивана Ѓорѓиевска, Роберт Денковски и Наташа Денчевска Ѓоргиева и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов.<br>Состанокот го водеше претседателот на Училишниот Одбор Ивана Ѓорѓиевска.<br>Состанокот беше on line и се одвиваше на платформата zoom. |
| 14.10.2025 | 1. Одлучување по Приговор против Одлука за избор на најповолни понудувачи за користење термини и закуп на училишниот простор во учебната 2025/2026 година поднесен од страна на понудувачот Х.И.Интелект;<br><br>2. Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваа Ивана Ѓорѓиевска, Роберт Диковски и Наташа Денчевска Ѓоргиева и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурчилов.<br>Состанокот го водеше претседателот на Училишниот Одбор Ивана Ѓорѓиевска. |
| 18.11.2025 | 1. Верификација на мандатот на Зорица Бојковска од редот на совет на родители.<br>2.Избор на Претседател на Училишен одбор<br>3.Избор на заменик пртседател на Училишен одбор | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Наташа Денчевска |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Одлучување по приговор против Одлука за изрекување педагошка мерка префрлување во друга паралелка за ученикот Калин Киров<br>5. Извештај од реализираниот еднодневен есенски излет<br>6.Тековни прашања | Ѓоргиева и Зорица Бојковска, а оправдано отсутни беа претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов и Роберт Денковски од Советот на родители.<br>На состанокот присуствуваа директорот на училиштето Билјана Симоноска Антовска, секретарот Ана Митровска и педагогот Маја Ивановска.<br>Состанокот го водеше најстариот член Валентина Јоцевска |
| 26.11.2025 | 1. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Психолог со 40 работни часа неделно до 31.08.2026 година;<br>2. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по одделенска настава со 20 наставни часа, односно 40 работни часа неделно до 31.08.2026 година<br>3. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по техничко образование и информатика со 14 наставни часа, односно 28 работни часа неделно старо финансирање – замена за директор до 31.08.2026 година<br>4. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по техничко образование и информатика со 8 наставни часа, односно 16 работни часа неделно на определено време замена за вработен на боледување до завршување на боледувањето,<br>5. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по германски јазик со 10 наставни часа, односно 20 работни часа неделно до 31.08.2026 година,<br>6. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по природни науки со 8 наставни часа, односно 16 работни часа неделно до 31.08.2026 година,<br>7. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по хемија со 19 наставни часа, односно 38 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>8. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по природни науки со 3 наставни часа, односно 6 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>9. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по историја со 8 наставни часа, односно 16 работни часа неделно до 31.08.2026 година. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Наташа Денчевска Ѓоргиева , Роберт Денковски и Зорица Бојковска и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов .<br>На состанокот присуствуваа директорот на училиштето Билјана Симоноска Антовска, секретарот Ана Митровска .<br>Состанокот го водеше претседателот Зорица Бојковска |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по историја и општество (модул историја) со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>11. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по македонски јазик со 8 наставни часа, односно 16 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>12. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по театар – уметност на емоции со 4 наставни часа, односно 8 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>13. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по медиумска писменост со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>14. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по англиски јазик со 3 наставни часа, односно 6 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>15. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по англиски јазик со 3 наставни часа, односно 6 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>16. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по англиски јазик со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>17. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по готвење со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>18. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по слика за своето тело со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>19. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по учам за моето здравје со 2 наставни часа, односно 4 работни часа неделно до 31.08.2026 година.<br>20. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по иновации со 4 наставни часа, односно 8 работни часа неделно до 31.08.2026година.<br>21. Формирање на Комисија за попис на благајна со состојба на 31.12.2025 година;<br>22. Формирање на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар со состојба на 31.12.2025 година;<br>23. Донесување на План за наменско користење на средствата кои | |

| | | |
|---|---|---|
| | училиштето ги собира од родителите, односно старателите на учениците за учебната 2025/2026 година.<br>24. Финансов Извештај за донаторска сметка 785-36.<br>25. Тековни прашања. | |
| 24.12.2025 | 1. Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците за првото тримесечје од учебната 2025/26 година;<br>2. Запознавање со изготвени програми и тоа:<br>- Програма за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост;<br>- Програма за спречување на дискриминација;<br>-Програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци;<br>-Програма за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција во основните училишта;<br>3. Одлучување по Дополнителен Приговор против Одлука за делумно поништување на Одлука бр.02-610/1 од 14.10.2025;<br>4. Фотографирање на ученици во учебната 2025/2026 година;<br>5. Тековни прашања. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Наташа Денчевска Ѓоргиева , Роберт Денковски и Зорица Бојковска и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов . Од редот на членовите на ученичкиот парламент присутна беше Весела Давидовска.<br>На состанокот присуствуваа директорот на училиштето Билјана Симоноска Антовска, секретарот Ана Митровска.<br>Состанокот го водеше претседателот Зорица Бојковска |
| 22.02.2025 | 1. Разгледување на Полугодишен извештај за воспитно – образовната работа на училиштето во учебната 2025/2026 година;<br>2. Разгледување и предлог за усвојување Извештај од пописна комисија за извршен попис на основни средства и ситен инвентар за 2025 година;<br>3. Разгледување и предлог за усвојување Извештај од пописна комисија за извршен попис на парични средства, фондови и благајна за 2025 година;<br>4. Усвојување на завршни сметки за 2025 година за сметките 787, 903, 603, 785-21 и 785-17;<br>5. Утврдување касов максимум за 2026 година;<br>6. Одлука за издвојување средства за превозни услуги, телефон и интернет;<br>7. Одлука за издвојување средства за изготвување на распоред на часови;<br>8. Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците за првото полугодие од учебната 2025/26 година;<br>9. Тековни прашања. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Роберт Денковски и Зорица Бојковска. Од редот на членовите на ученичкиот парламент присутна беше Весела Давидовска. Оправдано отсутни беа Наташа Денчевска Ѓоргиева и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурчилов.<br>На состанокот присуствуваа директорот на училиштето Билјана Симоноска Антовска, сметководителот Неда Кикеркова.<br>Состанокот го водеше претседателот Зорица Бојковска |
| 18.03.2026 | 1. Донесување на Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>2. Донесување на Правила и процедура за спроведување на самоевалуација на училиштето за период 2024-2026 година; | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Давање предлог до Директорот за избор на кандидат за Наставник по техничко образование и информатика со 14 наставни часа, односно 28 работни часа неделно старо финансирање – замена за директор до 31.08.2026 година;<br>4. Формирање на Комисија за отпис и расходување на основни средства – неупотребливи учебници;<br>5. Тековни прашања. | на родители присуствуваше Роберт Денковски и Зорица Бојковска. Од редот на членовите на ученичкиот парламент присутна беше Весела Давидовска. Оправдано отсутни беа Наташа Денчевска Ѓоргиева и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурчилов. Од редот на членовите на ученичкиот парламент присутна беше Весела Давидовска.<br>На состанокот присуствуваше секретарот Ана Митровска.<br>Состанокот го водеше претседателот Зорица Бојковска. |
| 17.06.2026 | 1. Стручен тим за екскурзии за 2026-2027<br>2. Записник од комисија за расход на учебници<br>3.Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева. На состанокот од Советот на родители присуствуваше Наташа Денчевска Ѓоргиева , Роберт Денковски и Зорица Бојковска и претставникот од основачот, Општина Бутел- Даниел Ѓурќилов .<br>Состанокот го водеше претседателот Зорица Бојковска |

## 22.2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работа на директорот е насочена кон органзирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно - образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година.
Работата на директорот оваа година беше насочена кон следните активности:

Во овој период директорот на училиштето ги извршуваше следните активности:

| ВОДСТВО | | |
|---|---|---|
| СТРАТЕШКО ВОДСТВО | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Анализа на материјално – техничка состојба во училиштето | Организирање на административно – техничкиот персонал | август |
| Распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за успешен почеток на учебната година | Организирање и распределба на задолженија | август |
| Распределба на часови, одделенски раководства и одд. наставници | Планирање и реализирање | август / септември |
| Распределба на ученици во прво одделение во паралелки | Планирање и реализирање | август |
| Подготовки за прием на ученици на прв училишен ден во училиште | Планирање, организирање, реализирање | септември |
| Планирање и програмирање на работата на Одделенските и Наставничкиот совет и реализација на програмските цели | Планирање, организирање, реализирање | септември, ноември, јануари |
| Подготовка и раководење со седниците | Информирање, реализирање | континуирано |
| Јавност и транспарентност во работењето | Информирање | континуирано |
| Учество во работата на Органот на управување | Разговори, информирање | август, септември, октомври, ноември |
| Соработка со Советот на родители | Разговори, информирање | септември, октомври, ноември, декември |
| УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности | Следење, укажување и реализирање | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Организација и учество во одбележување на празници и други настани | Идеи, организирање и реализирање | континуирано |
| СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Учество на родители во реализација на активности во училиштето | Информирање, организирање, реализирање | континуирано |
| Навремено запознавање на родителите со оперативната регулатива, како и куќниот ред и казните | Соработка, информирање, реализирање | континуирано |
| Редовно информирање на родителите за сите важни прашања од животот и работата на училиштето непосредно и посредно преку одд.раководители | Информирање | континуирано |
| РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | |
| КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Користење разни медиуми и начини на презентирање во согласност со целта | Информирање и реализирање | континуирано |
| Уредување на WEB страната на училиштето како и постирање активности на социјалните мрежи | Информирање и реализирање | континуирано |
| УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Давање совети и конструктивни предлози што ги мотивираат вработените | Советување, информирање и реализирање | континуирано |
| Советодавна – консултативна работа со наставниците, родителите, учениците | Советување, информирање и реализирање | континуирано |
| ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Организирање на учество на семинари за стручно усовршување на наставниците | Планирање, организирање, реализирање | октомври |
| Следење и помош при стручно усовршување на наставниот кадар | Следење, организирање | континуирано |
| Продолжување на менторства за наставници – приправници | Информирање | септември |
| Поттикнување на наставниците за организирање нагледни часови и взаемно | Поттикнување, советување, реализирање | октомври, ноември |

| | | |
|---|---|---|
| посетување на истите од страна на наставниците | | |
| Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература | Следење, проверување, организирање | континуирано |
| Учествува во изготвување програма за стручно усовршување на наставниот кадар | Информирање и реализирање | август |
| Ги менаџира активностите предвидени во Годишниот план за професионален развој | Следење, организирање | континуирано |
| Учество на состаноци, советувања и семинари | Следење | континуирано |
| ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КАДАР, РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација | Укажување и реализирање | септември/октомври контуинирано |
| Обезбедување на стручен и компеттенттен кадар | Реализирање | континуирано |
| ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ | | |
| ПЛАНИРАЊЕ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето | Идеи, анализа и заклучоци | август |
| Изработка на календар за работа на училиштето | Планирање и реализирање | август |
| Изработка на распоред за дежурства на наставниците | Планирање и реализирање | август |
| Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови | Планирање и реализирање | август |
| ПОДДРШКА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Увид во водењето на педагошката евиденција и документација<br>- дневник на паралелката<br>- дневни подготовки<br>- е – дневник | Проверување, информирање | септември, октомври, ноември, декември, јануари |

| | | |
|---|---|---|
| - главна книга | | |
| Увид во реализација на наставниот план и програма | Следење, проверување | ноември, декември |
| Увид во работата на стручните соработници и увид во доказите за реализираните активности | Следење, советување, информирање | континуирано |
| Увид во часовите по дополнителна, додатна и воннаставните активности | Следење, информирање | континуирано |
| Посета на часови и водење евиденција за истите | Следење, повратна информација | ноември |
| Преземање на проектни активности | Организирање, соработка, реализирање | континуирано |
| Следење на реализацијата на воннаставните активности и обезбедување услови за реализација на воннаставни активности | Следење, информирање | континуирано |
| Планирање и набавување на нагледни средства | Планирање, набавка, реализирање | август, септември, декември |
| ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците | Анализа и реализирање | континуирано |
| Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво и второ тримесечие | Анализа и заклучоци | ноември, јануари |
| Учество во изготвување на извештаи потребни за училиштето, БРО, општината, МОН, ДПИ | Насочување, информирање, следење | континуирано |
| Изготвување и поднесување Полугодишниот извештај на училиштето во првото полугодие | Изготвување, анализа, информирање | јануари |
| Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи | Планирање, собирање податоци, советување, анализа | континуирано |
| Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно – образовниот процес | Информирање, следење | континуирано |
| Анализа од следењето на различни аспекти на наставата (индивидуализација и | Изготвување, анализа, информирање | јануари |

| | | |
|---|---|---|
| диференцијација на наставата, иновативни приоди во наставата, користење на ИКТ и сл.) | | |
| СОЗДАВАЊЕ НА ЗДРАВА, БЕЗБЕДНА И ДЕМОКРАТСКА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА УЧЕНИКОТ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации | Планирање, информирање, организирање, реализирање | контуинирано |
| Насочување и давање помош во организирање на културно – забавниот живот на учениците | Соработка, организирање, реализирање | континуирано |
| Координирање и насочување на активности<br>со одделни категории ученици | Соработка, организирање, реализирање | континуирано |
| Организирање активности за одржување и уредување на блиската околина | Разговори, реализирање | континуирано |
| Соработка со локалната средина | Соработка, организирање, реализирање | континуирано |
| Организирање на училишни натпревари | Координирање | континуирано |
| ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ | | |
| РАКОВОДЕЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Организација во работата на сметководството и увид во финансиски – материјалното работење на училиштето. | Увид, анализа, организирање, почитување на законски акти | континуирано |
| Изготвување на предлог буџет на училиштето | Анализа, планирање, почитување на законски акти | септември |
| Спроведување на постапки за јавни набавки | Почитување на законски акти | континуирано |
| РАКОВОДЕЊЕ СО МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Обезбедување на материјални ресурси за наставата и непречена работа на училиштето | Анализа, планирање | континуирано |
| Прием и дистрибуција на учебници | Увид | септември |

| ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Обезбедува примена на законската регулатива во училиштето и воспоставува систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи | Увид, анализа, организирање, почитување на законски акти | континуирано |
| ИЗРАБОТКА И ПРИМЕНА НА ИНТЕРНИ АКТИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Организира и учествува во работата на тимови за изработка на интерни акти | Организира, увид, анализа, почитување | континуирано |
| Промовирање на интерните акти и документи пред училишните органи и тела и обезбедува да бидат достапни за сите заинтересирани страни | Увид, анализа, организирање, почитување на законски акти | континуирано |
| Спроведува одлуки на училишен одбор | Спроведување | континуирано |
| РАКОВОДЕЊЕ СО АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕСИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Следење на работата на органи и тела во училиштето | Организира, увид, анализа, почитување | континуирано |
| ПРИМЕНА НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ | | |
| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
| Непречено, точно, целосно и навремено водење на електронските бази на податоци | Увид, реализација | континуирано |

## 22.3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ

| Содржини на работата | Цели | Соработници | Време на реализација | Ресурси | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на годишна програма за сопствената работа | Унапредување на дејноста | психолог | јуни | документи и стручна литература | Функционална годишна програма |
| Изработката на програма за дополнителна настава на ниво на училиште | Постигнување на подобри резултати кај учениците | психолог наставници | јуни | годишни планирања на наставници | Подобар успех |
| Учество во изработка на ИОП за деца со ПОП | Приспособување на развојните и индивидуалните потреби и достигнувања на овие ученици | УИТ | октомври по потреба | литетатура стручни лица и институции | Да се планираат соодветни техники и стратегии во наставниот процес |
| 26.08.2025 г/ бр.283 | Распределба на часови за учебната 2025-2026<br>Усвојување на распоред на часови за учебната 2025-2026<br>Изготвување и предавање на годишни и тематски распределенија<br>Комисија за преглед на годишни планирања<br>Комисија за професионален развој<br>Изготвување на информатор за родители<br>Комисија за преглед на комјутерска опрема во училници<br>Предлог членови за комисија од редот на наставниците за објавување оглас и прибирање на понуди за екскурзии за учебната 2025-2026<br>Предлог членови за комисија од редот на наставниците за осигурување<br>Предлог членови за комисија од редот на наставниците за фотографирање<br>Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзија<br>Правилник за ненасилство<br>Правилник за наградување на | Извршена распределба на часови, на изборни и слободни изборни предмети, изработен и доставен на увид распоред на часови за одделенска и предметна настава за учебната година 2025 / 26.<br>Едногласно усвоен распоред на часови за учебната година 2025 / 26<br>Дефиниран краен рок за изготвувањето и предавањето на годишните и тематски распределенија<br>Формирана комисија за преглед на годишни планирања.<br>Формирана комисија за професионален развој.<br>Именувани се одговорни лица за изработка на информаторот за родители и брошурата.<br>Формирана комисијата за прегледување на компјутерска опрема.<br>Формирана комисија за екскурзии за учебната 2025-26<br>Формирана комисија за осигурување<br>Формирана комисија за фотографирање<br>Изготвен Кодекс на однесување на учениците за време на екскурзии. Ажуриран е стручниот тим за екскурзии.<br>Изготвен е интерен акт за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Ажуриран е тимот за ненасилство.<br>Изготвен е Правилник за награди на наставници и стручни соработници.<br>Формиран инклузивен тим и именувани членови<br>Почеток на учебната година и прием на првачиња започнува на 1 септември, со дефиниран распоред за одделенска и предметна настава, како и прием на првачиња.<br>Дефиниран термин за родителска средба за одделенска и предметна настава со насоки за водење на истата, спроведување на анкети за секции и подготовка на програма за училишни натпревари . |

| | | |
|---|---|---|
| | наставници и стручни соработници<br>Членови на инклузивен тим<br>Почеток на учебна година и прием на првачиња<br>Идеи и предлози во врска со реализација на воспитно образовната програма | |
| 22.9.2025 г / бр.284 | Мислење за приправник Соња Алчевска<br>Избор на член за УО од претставниците на наставниците, стручните соработници и воспитувачите<br>Тековни прашања | Споделено мислењето на наставникот - ментор Весна Јакимовска за приправничкиот стаж на наставникот - приправник Соња Алчевска.<br>Со тајно гласање избран е претставник во Училишен одбор од редот на наставниците, стручните соработници и воспитувачите.<br>Тековни прашања – информации за тековното работење на наставниците, вклучувајќи ја комјутерската опрема, учебниците, превозот на ученици итн, активности за дисеминацијата од обуката во Италија како дел од Ерасмус проектот за ненасилство. |
| 28.10.2025_г / бр.285 | Педагошки мерки за ученици – Калин Киров од 7в, Никола Митрески од 9г, Доминик Цветков од 9а и формирање тим за поддршка<br>Извешптај од еднодневен есенски излет на Водно<br>Извештај од годишни планирања<br>Тековни прашања | Предложени и едногласно усвоени педагошки мерки за ученици и формирани тимови за поддршка во состав од одделенските раководители, педагогот и психологот. Изречените мерки се: за ученикот Доминик Цветков писмена опомена од раководителот на паралелка, ученикот Никола Митрев укор, додека ученикот Калин Киров преместување во друга паралелка.<br>Презентиран извештајот од еднодневниот воспитно-образовен и спортско – рекреативен есенски излет реализиран на средно Водно.<br>Извршен увид во годишните планирања на наставниците од одделенска и предметна настава и доставена листа со извештај за вклученост на компонентите.<br>Тековни прашања – согласно интерниот конкурс признанието „Истакнат наставник за учебната 2024/25 год.“ се доделува на наставничката по македонски јазик Весна Додевска. За ментор за наставникот-приправник по историја Билјана Стаменковска, именуван е наставникот по историја Дарко Костенцов. Инфромација за новините во е-дневникот и насоки за пополнување на истиот. |
| 4.11.2025 г / бр.286 | Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2025/26<br>Реализација на наставниот план и програма<br>Договор за родителски средби<br>Тековни прашања | Во првата и втората точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2025/26 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.155 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.121 од Одделенски совет на одделенска настава.<br>Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Беа дефинирани термини за родителска средба за предметна и одделенска настава.<br>Под тековни прашања – информации за оддржување на музичкиот фестивал Златно славејче, определени одговорни наставници за реализација на општествено - хуманитарна работа за учениците од 7 одделение, за поднесен приговор до УО од родител на ученик за изречена педагошка мерка. |
| 16.12.2025_г / бр.287 | Анализа на успехот, редовноста и поведението и на учениците за првото тримесечје од учебната 2025/26 | Членовите беа информирани за резултатите од извршената анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2025/26<br>Посетени 20 наставни часови во предметна и одделенска настава од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | Извештај за посета од часови<br>Информација од Совет на родители за активности во нареден период<br>• Хепенинг<br>• Кино ден<br>• Забава<br>Договор за полугодишен извештај<br>Тим за мултиетничка (училишна) интеграција<br>Програми за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција<br>Програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци<br>Програма за спречување на дискриминација<br>Програма за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање<br>Тековни прашања | директорот и стручната служба.<br>Споделена информација и дефинирани термини за новогодишните активности: хепенинг, кино ден и забава.<br>Споделени одговорности и тимови за прибирање на податоци и информации за сработеното во прво полугодие.<br>Именувани членови на Тимот за мултиетничка интеграција.<br>Изготвени се програми за:<br>· Програма за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција<br>· Програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци<br>· Програма за спречување на дискриминација<br>· Програма за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање.<br>Именувани членови на тим за координирање на реализација на програмите.<br>Тековни прашања - информации за приредба на ученици од одделенска настава, претставата Дедо Мраз и изгубениот костум, крај на прво полугодие и почеток на второ полугодие и информација за образовниот медијатор која нуди поддршка за сите ученици од ромската припадност во нашето училиште. |
| 14.1.2026_г / бр.288 | Утврдување на успехот, редовноста и поведението и на учениците за првото полугодие од учебната 2025/26<br>Договор за родителски средби<br>Барање од родителот на ученикот Калин Киров<br>Предлог педагошка мерка за ученикот Доминик Цветков<br>Тековни прашања | Во првата точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2025/26 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.156 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.122 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Беа дефинирани термини за родителска средба за предметна и одделенска настава.<br>Едногласно одбиено барањето на родителот, ученикот Калин Киров повторно да биде префрлен во претходното одделение.<br>Предложена и едногласно усвоена педагошка мерка - намалување на поведението од примерно на добро за ученикот Доминик Цветков и формиран тим за поддршка во состав од одделенски раководител, педагогот и психологот.<br>Под тековни прашања – информација за почеток на второ полугодие, за реализирани училишни натпревари, како и за тоа дека во тек е постапка за напредување во звање од наставник ментор во наставник советник за наставничката Весна Јакимовска. |
| 29.1.2026г / бр.289 | Усвојување на полугодишен извештај (текстуален и статистички)<br>Споредбена анализа по пол, националност, успехот, поведението и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2025/2026 | Едногласно усвоени полугодишните текстуални и статистички извештаи за учебната 2025/2026.<br>Членовите беа информирани за резултатите од споредбена анализа по пол, националност, успех, поведение и редовност на учениците за првото полугодие од учебната 2025/26.<br>Формирана комисија за денот на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Формирање на комисија за ден на училиштето<br>Предлог педагошки мерки и тим за поддршка<br>Тековни прашања | Предложени и едногласно усвоени педагошки мерки - укор за учениците Стефани Трајановиќ, Лара Шатровска и Никола Мазневски и формиран тим за поддршка во состав од одделенски раководител, педагогот и психологот.<br>Тековни прашања – информација за притигнати конкурси и промена во наставен кадар. |
| 12.3.2026 г / бр.290 | Извештај од посетени часови<br>Предлог педагошки мерки и тим за поддршка<br>Комисија за отпис и расходување на основни средства – неупотребувани учебници<br>Правила и процедура за спроведување на самоевалуација на училиштето<br>Тековни прашања | Посетени 23 наставни часови во предметна и одделенска настава од страна на директорот и стручната служба во период од 23.2.2026 до 6.3.2026 г.<br>Предложена и едногласно усвоена педагошка мерка - укор за ученикот Иван Спировски и формиран тим за поддршка во состав од одделенски раководител, педагогот и психологот.<br>Именувани членови во Комисија за отпис и расходување на основни средства – неупотребувани учебници.<br>Подготвени и донесени Правила и процедури за спроведување на самоевалуација на училиштето за период 2024 – 2026 год.<br>Тековни прашања - информацијата дека нашето училиште е дел од меѓународната студија ПИРЛС за проверка на оспособеноста на учениците од четврто одделение за читање со разбирање. |
| 7.4.2026_г / бр.291 | Утврдување на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје во учебната 2025/26<br>Реализација на наставниот план и програма<br>Договор за одржување на родителски средби<br>Информација од велигденски хепенинг, забава и квиз активности – информации од СР<br>Предлог за формирање на комисија за упис на првачиња<br>Предлог за формирање на комисија за запишување на ученици со надмината возраст, а не се вклучени во наставата<br>Предлог за формирање на комисија за одложување на следење на наставата на ученици<br>Предлог за формирање на комисија за прием и распределба на учебници<br>Договор за патрониот празник на училиштето<br>Информации и насоки за професионална ориентација за ученици | Во првата точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците за третото тримесечје од учебната 2025/26 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.157 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.123 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Дефиниран термин за оддржување на родителски средби за предметна и одделенска настава.<br>Споделена информација за успешно реализирање на планираните активности по повод Велигден, хепенинг во одделенска настава, квиз активности за VI и VII одд и забава за VIII и IX одд .<br>Формирана Комисија за упис на првачиња.<br>Формирана Комисија за запишување на ученици со надмината возраст, кои не се вклучени во наставата.<br>Формирана Комисија за одложување на следење на наставата на ученици.<br>Формирана Комисија за прием и распределба на учебници.<br>Дефиниран термин за одбележување на патрониот празник на училиштето „Од небиднина до дигитална иднина“ и споделени одговорностите на наставниците.<br>Реализирање на активности од годишната програма за професионална ориентација со цел да им се помогне на учениците да го продолжат образованието.<br>Насоки за работа - насоки за тековното работење на членовите на советот како изрекување педагошките мерки, оценувањето, постапка за регулирање на отсуство, советување.<br>Тековни прашања – информацијата за поништување на изречената педагошката мерка – преместување на ученикот Калин Киров во друга паралелка, и негово враќање од 7.4.2026 |

| | | |
|---|---|---|
| | Насоки за работа<br>Тековни прашања | во паралелката 7в. Анкетите за самоевалуација ќе се споделат во месец Мај и училиштето се вклучува во проект преку невладината организација Реди. |
| 18.5.2026_г / бр.292 | Анализа на успех, поведение и редовност на учениците во третото тримесечје во учебната 2025/26<br>Комисија за првенец на генерација и објава на интерен оглас<br>Извештај од реализирана еднодневна научна екскурзија за 3 одд., дводневна екскурзија за 6 одд., тродневна екскурзија за 9 одд и настава во природа за 5 одд.<br>Тековни прашања | Членовите беа информирани за резултатите од извршената анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје од учебната 2025/26.<br>Формирана Комисија за избор на првенец на генерација и истакнати ученици по одделенија.<br>Презентиран извештај од спроведената настава во природа за учениците од петто одделение.<br>Презентиран извештај од спроведените еднодневна научна екскурзија за 3 одделение, дводневна ексурзија за 6 одделение тридневна наставно-научна екскурзија за 9 одд.<br>Тековни прашања – информацијата за набавка на учебници за следната учебна година. |
| 9.6.2026_г / бр.293 | Утврдување на успех, поведение и редовноста на учениците од 9 одд., во учебната 2025/26<br>Реализација на наставен план и програма во учебната 2025/2026<br>Договор за родителска средба<br>Формирање на комисија за прегледување на педагиошка документација<br>Извештај од еднодневен пролеттен излет<br>Извештај за истакнати ученици за 5, 6, 7, 8 одд., и првенец на генерација од 9 одд.<br>Анализа од анкетите за втор изборен задолжителен странски јазик во 2026/27 год.<br>Предлог слободни изборни предмети кој ќе се понудат во учебната 2026/2027<br>Насоки за годишен извештај за учебната 2025/2026<br>Комисија за изготвување на годишен извештај за учебната 2025/2026<br>Тековни прашања | Едногласно усвоен записник бр.158 за успехот, поведението и редовноста на учениците и реализацијата на наставниот план и програма за учениците од 9 одд., за учебната 2025/2026. Изгласано повлекување на претходно изречените педагошки мерки на учениците од 9 одд.<br>Дефиниран датум и време за оддржување родителска средба за 9 одд.<br>Формирана Комисија за прегледување на педагошката документација за 9 одд.<br>Презентиран извештај од спроведен еднодневен пролетен излет парк шума Гази Баба, Скопје.<br>Презентиран извештајот за истакнати ученици од 5 до 8 одд., и првенец на генерација од 9 одд.<br>Споделени резултатите од анализата од анкетите за втор изборен задолжителен странски јазик за учебната 2026/27.<br>Презентирани предлог слободни изборни предмети за учениците од 4, 5, 6, 7, 8 и 9 одделение за учебната 2026/27<br>Споделени насоки со одговорности за изготвување на годишниот извештај за учебната 2025-26 и дефиниран термин за повратни информации.<br>Формирана комисија за изготвување на годишен извештај за учебната 2025-2026.<br>Тековни прашања – информација за одржување на ликовната колонија, церемонија за првенците на генерација и истакнатите ученици и доделувањето свидетелства. |
| 11.6.2026_г / бр.294 | Одлучување по приговор од родител на ученикот Стефан Дрндаревски од 9б одд., за изборот на истакнат ученик на генерација | Формирана Комисијата за истакнат ученик на генерација во проширен состав и повторно детално разгледана целокупната доставена документација за двајцата кандидати. Врз основа на резултатите, наставничкиот совет го потврди претходниот избор и ја прогласи ученичката Јана Крстевска за првенец на генерацијата 2017-2026 година при ООУ „Ацо |

| | | |
|---|---|---|
| | Тековни прашања | Шопов“ Бутел, Скопје.<br>Тековни прашања - нема. |
| 16.6.2026 г / бр.295 | Утврдување на успех, поведение и редовноста на учениците од 1-8 одд во учебната 2025/2026 год.<br>Реализација на наставен план и програма<br>Договор за родителска средба<br>Поделба на свдетелства и додаток на свидетелство за учебната 2025/26<br>Повлекување на педагошки мерки<br>Формирање на комисија за прегледување на педагошка документација за 1-8 одд<br>Комисија за уништување на медицински белешки<br>Анализа од анкетите за слободни избоирни предмети во 4, 5, 6, 7, 8 и 9 одд.<br>Насоки за изработка на годишна програма на училиште во 2026/27<br>Комисија за изработка на годишна програма за 2026/27<br>Стручен тим за екскурзии за учебната 2026/27<br>Предлог за останување во исто одделение за ученичката Јана Стефановска од 1б<br>Тековни прашања | Во првата и втората точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците од 1 до 8 одд. во учебната 2025/26 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.159 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.124 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Дефиниран термин за оддржување на родителски средби за предметна и одделенска настава.<br>Дефиниран терминот за поделба на свидетелства и додаток на свидетелства за учебната 2025/26.<br>Изгласано повлекување на претходно изречените педагошки мерки на учениците од 8мо одд.<br>Формирана комисија за прегледување на педагошка документација за 1-8 одд.<br>Формирана комисија за уништување на медицински белешки.<br>Презентирани резултатите од анкетите за слободни изборни предмети во 4, 5, 6, 7, 8 и 9то одд.<br><br>Споделени насоки со одговорности за изработка на годишна програма на училиште во 2026/27.<br>Формирана комисија за изработка на Годишна програма за учебната 2026/27.<br>Формиран Стручен тим за екскурзии за учебната 2026/27.<br>Предлог од одделенскиот раководител на 1-б одд и стручна служба за ученичката Јана Стефановска да остане во истото одделение, поради неуспешна адаптација и емоционална незрелост. Дадена согласност од родители.<br><br>Тековни прашања – нема. |

## 22.8. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Основна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците.

Активностите кои ги презема активот во оваа учебна година произлегоа од зацртаните приоритети на ниво на училиште, и тоа:

- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во воннаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби;
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието;
- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците;

Согласно годишната програма на стручен актив на одделенска настава и целите и задачите од годишната програма реализирани се во целост планираните активности за учебната 2025/26 година.

Следи преглед на активности по месеци.

| **Активности** | **Организатори / реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Изготвување на предлог програма за работа на активот за 2025/26<br>-план за дежурства на наставниците<br>-договор за промена на училници<br>-договор за изготвување на годишни програми<br>-договор за СУА и СИП | Актив на одделенска настава | 25.6.2025 / училиште |
| Организирана приредба по повод приемот на првачињата | Одговорни наставници | 1.09.2025 / училиште |
| Реализирана активност по повод приемот на првачињата во Детска организација | Одд. наставник<br>Валентина Јоцевска | 10.10.2025 / училиште |
| Стручно предавање на тема ,,Употреба на алатката Kahoot во одделенска настава | Одд. наставник<br>Ивона Бојчева | 14.11.2025 / училиште |
| Отворен час по македонски јазик-наставна содржина ,,Глаголи (лице и број на глаголите, глаголско време, сегашно, минато и идно време, глаголски начин)’’ | Одд. наставник<br>Билјана Трајановска | 19.11.2025 / училиште |
| Посета на Детскиот фестивал „Златно славејче“ | Одговорни наставници | 23.11.2025 / МОБ |
| Стручно предавање на тема ,,Медиумска писменост и вештачка интелигенција’’ | Одд. наставник<br>Силвана Ѓуровска | 24.12.2025 / училиште |

| | | |
|---|---|---|
| Оддржан е Новогодишен базар | Одговорни наставници,<br>Совет на родители<br>Директор | 15.12.2025 / училиште |
| Перманентно следење и анализа на успехот и поведението на учениците | сите наставници | ноември, декември |
| Одржан е отворен час по македонски јазик со наставна содржина ,,Антоними, синоними и хомоними, зборови со спротивно значење'' | Одд. наставник<br>Марина Станојковска | 27.02.2026 |
| Предавање (извештај) за реализирана дисеминација на резултатите од државното тестирање за 5 - то одд. | Педагог<br>Маја Ивановска | 1.4.2026 |
| Перманентно следење и анализа на успехот и поведението на учениците | сите наставници | април-2026 |
| Одбележување на Светскиот ден на здравјето | Одговорни наставници | 7 април/ училиште |
| Велигденски базар | Одговорни наставници,<br>Совет на родители<br>Директор | 26.03. 2026/ училиште |
| Одбележување на 22 април – Ден на планетата Земја – | Одговорни наставници | 22.04. 2026 / училиште |
| Одбележување на Денот на училиштето под мотото „Од небиднина до дигитална иднина' | Одговорни наставници<br>директор | 23.04.2026/ училиште |
| Реализација на настава во природа | Одговорни наставници 5 -то одд. | 27.04 - 30.04. 2026 |
| Отворен час по македонски јазик со наставна содржина ,,Прилози (прилози за време, место, начин и количество)<br>Отворен час по математика со наставна содржина ,,Собирање, средување и претставување на податоци од непосредна околина во листа и табела за честота | Одд. наставник<br>Валентина Јоцевска<br>Одд. наставник<br>Наташа Стојановска | 21.05.2026<br><br>26.05.2026 |
| Реализација на научна екскурзија Лешок и Вруток – посета на верски објекти | Одговорни наставници 3 - то одд. | 12.05.2026 |
| Стручно предавање за примена на ИКТ алатка ThatQuiz | Наставник - советник<br>Весна Јакимовска | 8.6. 2026 |

Програмата на активот на одделенска настава е во целост реализирана. Сите наставници активно учествуваа во наставните и вонназтвните активности и со своето залагање, меѓусебно помагање и координираност на работата, допринесоа сите активности да бидат реализирани на време и на највисоко ниво. Секако со постојана соработка и несебична помош и насоченост од страна на директорот и стручната служба.

## 22.9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ АКТИВОТ НА ХУМАНИТАРНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Согласно годишната програма за работата на стручниот актив во текот на учебната 2025-2026 год. беа предвидени повеќе активности со што воедно се постигнаа и главните цели предвидени за учебната година, како:

- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците.
- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во вонnаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби.
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието.

- И оваа година во дел од работата на активот ќе бидат вклучени активностите за МИО.
- Од предвидените активности во текот на првото полугодие беа реализирани следниве:

| Активност | Време на реализација | Реализатори/учесници | Место на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување и усвојување предлог програма за работа на активот од хуманитарната група предмети за учебната 2025-2026година | 08.09.2025 | Предметните наставници од хуманитарната група предмети, директор, психолог и педагог | училиште | Усвојување на програмата |
| Реализација на практичен час по англиски час :,,Меѓународен ден на старите лица Наставник :Валентина Зотевска | 06.10.2025 | Практичниот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог. | Училиште -училница | Размена на искуства,унапредување на образовниот процес |
| Реализација на практичен час по граѓанско образование: ,,Толеранција“ Наставник Марија Димовска | 17.11.2025 | Практичниот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог. | училиница | Размена на искуства,унапредување на образовниот процес |
| Реализацијанаотворен час :,,Одбојка“ Наставник Златко Богдановиќ | 26.12.2025 | Отворениот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог. | Училишна сала | Размена на искуства,унапредување на образовниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | процес |
| Реализација на отворен час :,,Јас и другите во слободно време“,наставник по англиски јазик<br>Весна Пановска | 14.05.2026 | Отворениот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог | училница | Размена на искуства,унапредување на образовниот процес |
| Реализација на отворен час:,,Крушевска Република“Дарко Костенцов,наставник по историја<br>-МИО | 27.05.2025 | Отворениот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог | училница | Размена на искуства,унапредување на образовниот процес |
| Реализација на отворено предавање :,,Медиумите во наставата“наставник Марија Димовска | 02.6.2025 | Предавањето го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства,унапредување на образовниот процес |
| Реализација на отворено предавање :,,Наставни методи“,наставник Александра Јордановска | 03.06.2025 | Предавањето го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |

## 22.10. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВОТ НА ПРИРОДНА ГРУПА

Согласно годишната програма за работата на стручниот актив во текот на учебната 2025/2026 год. беа предвидени повеќе активности со што воедно се постигнаа и главните цели предвидени за оваа учебна година, како:

- Поголема вклученост на сите објекти во воспитно образовниот процес во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето,алкохолот и наркотичните средства,како ипоголема инфомираност на родителите за превземените активности.
- Унапредување на системот на превенција и справување при појава на насилство во училиштето
- Обезбедување на потребните материјално технички средства со цел подобрување на реализација на наставните и воннаставните активности.

Од предвидените активности во текот на учебната година беа реализирани следниве:

| Активност | Време на реализација | Реализатори/учесници | Место на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување и усвојување предлог програма за работа на активот | 22.08.2025 | Предметните наставници од природна група предмети, директор, психолог и педагог | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Усвојување на програмата |
| Разгледување и дискусија за новите наставни програми во VII одд. според новата концепција | 04.09.2025 | Предметните наставници од природна група предмети | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на сознанијата од обуките и подобрување на работата на наставникот |
| Реализирано е стручно предавање и обука за online алатката Kahoot во природна група предмети | 22.10.2025 | Наставник по физика Весна Јакимовска<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група предмети | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Изработка на квизови и тестови за полесно усвојување на наставната содржина и проверка на знаењето,а воедно и за примена на ИКТ во наставата |
| Реализиорана е ЕКО и МИО работилница со истражувачки активности на тема:„Промоција на здравата исхрана кај учениците по повод Светскиот ден на храната“ | 16.10.2025 | Одговорен наставник:<br>Маја Чубриноска и други наставници од активот природна група | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Подобрување на исхраната на учениците и стекнување здрави навики на исхрана |
| Реализирано е стручно предавање и | 05.12.2025 | Наставник по физика Весна | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Зголемена заинтересираност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| обука за примена на алатките од смарт таблата за учениците со ПОП | | Јакимовска<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група предмети | | и полесно усвојување на целите поставени за учениците со ПОП со примена на алатките од смарт таблата |
| Реализација на практичен час по предметот техничко образование и информатика за на тема: Технологија на работа со хартија и дрво и наставна содржина: Дизајнирање и изработка на модели | 10.12.2025 | Наставник по техничко образование и информатика Оливера Костадинова ученици од 5б одделение<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на знаења и искуства и унапредување на наставата<br>Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства |
| Реализација на практичен час по предметот хемија<br>на тема: Брзина на реакциите и наставна содржина: Ензимите се биолошки катализатори | 23.12.2025 | Наставник по хемија Соња Алчевска ученици од 9в одделение<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на знаења и искуства и унапредување на наставата<br>Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства |
| Реализирано е стручно предавање и обука на тема-Креирање на web страна | 12.03.2026 | Наставник по физика Весна Јакимовска<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група предмети | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Промоција на работата пошироко публика |
| Реализирана е работилница со истражувачки активности на тема Пи-ден | 12.03.2026 | Наставниците:<br>Дара Драгановска,<br>Весна Јакимовска,<br>Елена Златкова,<br>Јасминка Михајловска и ученици од 6-9 одделение | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Зголемен интерес на учениците за математиката преку забавна и креативна работилница преку истражување |
| Реализација на Еко - акција со која се одбележи Денот на екологијата 21$^{ви}$ Март | 21.03.2026 | Еко-тим, ученици, наставници, хаусмајстор, домаќин, технички персонал, општина Бутел, донатори | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Разубавување на училишниот двор со засадување на украсни цвеќиња,окопување на садниците,косење на тревата и др.,како и подигање на свеста кај учениците за екологија и зачувување на воздухот од загадување. |
| Реализација на практичен час по | 31.03.2026 | Наставник по математика | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на знаења и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| предметот математика на тема: Операции со броеви и наставната содржина: Операции со позитивни рационални броеви | | Елена Златкова и ученици од 6а одделение<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група | | искуства и унапредување на наставата<br>Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства |
| Реализација на практичен час по предметот географија на тема:Средна Европа и наставна содржина: Германија | 20.04.2026 | Наставник по географија Билјана Јосимовска и ученици од 8г одделение Присутни: наставници – членови на активот од природна група | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на знаења и искуства и унапредување на наставата<br>Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства |
| Реализација на активност „Одбележување на светскиот ден на планетата Земја – 22ри Април„ на Тема: „Како да ја спасиме нашата планета од загадување“ | 22.04.2026 | Одговорен наставник:<br>Маја Чубриноска и други наставници од активот природна група како и членови на еко тимот | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Создавање навики и кретириуми за чиста животна средина. |
| Реализација на активност - работилница на тема „Заштита од наркотични средства,алкохол и цигари“ | 06.05.2026 | Одговорен наставник:<br>Маја Чубриноска и други наставници од активот природна група како и ученици од 8 и 9 одделение | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Создавање здрави навики и насоки како младите да кажат НЕ на овие зависности |
| Реализација на стручно предавање на тема: Развивање на критично и креативно размислување преку СТЕМ | 02.06.2026 | Наставник по хемија Соња Алчевска во соработка со компјутерскиот инженер Бисера Алчевска<br>Присутни: наставници – членови на активот од природна група и ученици од 9б одд | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Размена на искуства за пристапот кон учење каде реалниот свет се спојува со училницата |
| Разгледување, дискусија и споделување искуства на наставниците од натпреварите | 15.06.2026 | Предметните наставници од природна група предмети | ООУ,, Ацо Шопов ,, | Поттикнување и мотивирање на учениците за подобри резултати |

## 22.11. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТИ

| Време на реализација | Дневен ред | Заклучоци |
|---|---|---|
| 03.11.2025 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2025/2026 година;<br>2. Реализација на наставниот план и програма;<br>3. Тековни прашања. | Во однос на првата точка секој одделенски раководител го истакна бројот на ученици (машки и женски) во своето одделение, бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) направени во првото тромесечје.<br>По однос на втората точка,сите наставници се изјаснија дека наставниот план и програма се реализира без проблеми.<br>По однос на третата точка, родителска средба е договорено да биде одржана на 06.11.2025 во 18.30 часот за одделенска настава и на 05.11.2025 година во 18:00 за предметна настава. |
| 13.01.2026 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците од првото полугодие од учебната 2025/2026 година;<br>2. Реализација на наставниот план и програма;<br>3. Тековни прашања | Во однос на првата точка секој одделенски раководител го истакна бројот на ученици (машки и женски) во своето одделение, бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) направени во првото полугодие.<br>Во однос на втората точка од дневниот ред, сите одделенски наставници се изјаснија дека наставниот план и програма се целосно реализирани .<br>По однос на третата точка, закажана беше родителска средба на 21.01.2026 во 18.30 часот за одделенска настава и на 21.01.2026 година во 18:00 за предметна настава. |
| 05.04.2026 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2025/2026 година;<br>2. Реализација на наставниот план и програма;<br>3. Тековни прашања. | Во однос на првата точка секој одделенски раководител го истакна бројот на ученици (машки и женски) во своето одделение, бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) направени во третото тромесечје,<br>По однос на втората точка,сите наставници се изјаснија дека наставниот план и програма се реализира без проблеми.<br>По однос на третата точка, за родителска средба е договорено да биде одржана на 09.04.2026 во 18:00 часот за одделенска настава и на 08.04.2026 година во 18:00 за предметна настава. |
| 10.06.2026 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците од девето одд. во | Во однос на првата точка секој одделенски раководител го истакна бројот на ученици (машки и женски) во своето одделение, бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) направени во оваа учебна година, и бројот на ученици кои се |

| | | |
|---|---|---|
| | учебната 2025/2026 година;<br><br>2. Реализација на наставниот план и програма;<br><br>3. Тековни прашања. | запишале и отпишале до крајот на учебната година.<br>По однос на втората точка,сите наставници се изјаснија дека наставниот план и програма е реализиран во целост.<br>По однос на третата точка за родителска средба,истото е договорено родителската да биде одржана на 10.06.2026 во 12:00 часот. |
| 15.06.2026 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2025/2026 година;<br><br>2. Реализација на наставниот план и програма;<br><br>3. Тековни прашања. | Во однос на првата точка секој одделенски раководител го истакна бројот на ученици (машки и женски) во своето одделение, бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) направени во оваа учебна година, и бројот на ученици кои се запишале и отпишале до крајот на учебната година.<br>По однос на втората точка,сите наставници се изјаснија дека наставниот план и програма е реализиран во целост.<br>По однос на третата точка за родителска средба, договорено е родителската средба да биде одржана на 17.06.2026 во 17:00 часот за одделенска настава и на 17.06.2026 година во 18:00 часот за предметна настава. |

## 22.12. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

Инклузивен тим:
Марина Минциковска Апостоловска – Специјален едукатор и рехабилитатор
Маја Ивановска-Педагог
Габриела Ѓоршева– одд. наставник
Соња Алчевска– пред. наставник
Ивана Блажевска – родител
Јасмина Мазневска – родител

| Р.БР. | Активности | Цели | Реализација |
|---|---|---|---|
| **1.** | 1.Формирање на инклузивен тим.<br>2.Изготвување на годишна програма.<br>3.Изнесување на бројот на ученици со попреченост<br>4.Мислења и идеи како училишниот тим може да придонесе за развој на инклузивното образование во заедницата. | Прилагодување на целите за реализација, целите да не се превисоки и соодветно изработување на ИОП / модифицирана програма. Подобрување на работата | Август |
| **2.** | 1.Идентификација на ученици со потешкотии во учењето.<br>2.Следење на работата на учениците и нивниот однос кон учењето.<br>3.Повикување на родителот и разговор.<br>4.Ревизија на ИОП / модифицирана програма. | Да им се помогне во совладување на наставните содржини, прилагодени според нивните можности и потреби. | Континуирано |
| **3.** | 1.Соработка со стручната служба – разговор со ученици.<br>2.Соработка со родители – стручна служба – наставник.<br>3.Разгледување и прилагодување на програмата за работа на УИТ.<br>4.Прилагодување на целите за реализација<br>5.Разгледување на постигнати цели – Ревизија на ИОП | Да се види дали учениците успешно се вклопуваат и ги совладуваат поставените цели во ИОП / модифицирана програма и преземање на соодветни активности | Континуирано |
| **4.** | 1.Изработка на годишен извештај<br>2.Ревизија на ИОП, модифицирана програма | Постигање на планираните цели во воспитно – образовниот процес на децата со ПОП | Мај / Јуни |
| **5.** | 1.Соработка со надворешни институции (МКФ, ПОУ „ИДНИНА“ и други).<br>2.Советодавна работа со наставници за индивидуален пристап со учениците.<br>3.Следење и помош во самостојната работа. | Да се види напредокот на учениците и советодавна работа со наставници. | Тековно |

## 22.13. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР

Во текот на учебната 2025/2026 година, ромскиот образовен медијатор Мартина Иљаз ги реализираше предвидените активности согласно програмата за работа на ромските образовни медијатори, со цел подобрување на пристапот до образование, зголемување на редовноста на учениците и унапредување на соработката помеѓу училиштето, семејствата и институциите.

Спроведени активности:

- Во учебната 2025/2026 година беа следени вкупно 35 ученици од ромската етничка заедница од I до IX одделение во ООУ „Ацо Шопов“, во однос на нивната редовност, успех и поведение.
- Реализирани беа теренски посети и контакти со родителите на учениците со цел навремено информирање, подобрување на комуникацијата со училиштето и поддршка за редовно следење на наставата.
- Остварена беше редовна комуникација со наставниците, одделенските раководители и стручната служба за следење на напредокот и потребите на учениците.
- Спроведени беа индивидуални разговори со ученици и родители за подобрување на мотивацијата за учење, дисциплината и редовноста во наставниот процес.
- Обезбедена беше поддршка при упис на деца во прво одделение за учебната 2026/2027 година преку прибирање и обработка на податоци, информирање на семејствата и помош при обезбедување на потребната документација.
- Организирани беа средби со родители за подигање на свеста за значењето на образованието и редовното посетување на наставата.
- Во континуитет се следеа учениците кои покажуваа ризик од нередовност или осипување од образовниот процес и беа преземани соодветни мерки во соработка со училиштето и надлежните институции.
- Обезбедена беше поддршка на семејствата при остварување на нивните права и пристап до информации поврзани со образованието на нивните деца.

Заклучок:

Работата на ромскиот образовен медијатор во текот на учебната 2025/2026 година придонесе за подобрување на редовноста, комуникацијата со семејствата и поголема вклученост на ромските ученици во образовниот процес. Преку континуирана теренска работа, индивидуален пристап и соработка со училиштето и институциите, беа создадени подобри услови за поддршка на учениците и нивните семејства, како и за намалување на ризикот од осипување од образовниот систем.

## 22.14. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

| Активност | Време на реализација | Организатор | Целна група | Ефекти од активноста |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на ученички парламент | Септември 2025 | Одделенски раководители од прво до деветто одделение | Ученици кои исполнуваат критериуми за претседателство | Секое одделение има избрано претседател, кој е претставник на одделението во ученичкиот парламент |
| Реализирање на дополнителна и додатна настава | Септември 2025 до Јуни 2026 | Предметните наставници | Сите ученици од одделенска и предметна настава | Организирање помош на ученици што заостануваат во успехот меѓу учениците |
| Присуство на состаноци на Училишен Одбор | Октомври 2025 до Јуни 2026 | Училишен одбор Претседател на УО | Двајца претставници од учениците претставници во училишна заедница | Запознавање од страна на учениците со начин на функционирање на училиштето и УО |
| Избор на претседателство на УП | 02.10.2025 | УП и одговорен наставник | Членовите на УП | Избран претседател и записничар на Ученичкиот Парламент |
| Избор на претставник во Училишен Одбор | 02.10.2025 | УП и одговорен наставник | Членовите на УП | Избрана тричлена комисија за избор на Ученички правобранител |
| Организација на новогодишен хепенинг | 15.12.2025 | Совет на родители и одделенски наставници | Ученици од 1-5 одделение | Реализација на Новогодишен хепенинг со учениците од одделенска настава |
| Организирање на кино ден за учениците од 6то и 7мо одделение | 25.12.2025 | Совет на родители и одделенски раководители на 6то и 7мо одделение | Ученици од 6, 7 одделение | Реализација на кино – филм во холот на училиштето |
| Организирање на забава за учениците | 29.12.2025 | Совет на родители и одделенски раководители на 8мо и 9то одделение | Учениците од 8мо и 9то одделение | Реализација на забава за учениците по повод новогодишните празници |
| Одбележување на роденденот на Тоше Проески | 23.01.2026 | Одговорен наставник на УП, наставник по ликовно и наставник по музичко образование | Учениците од предметна настава | Едукација на учениците за постоењето и значењето на нашата ѕвезда Тоше Проески |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на училишни натпревари и квизови на знаења | Февруари, Март 2026 | Предметни наставници | Истакнати ученици од сите одделенија, од сите предмети | Стимулирање на поединци и откривање на сопствени афинитети<br>Поттик на понатамошно напредување |
| Учество на општински, регионални и државни натпревари натпревари | Февруари, Март, Април, Мај, Јуни 2026 | Акредитирани здруженија за организирање натпревари | Истакнати ученици од сите предмети | Стимулирање на поединци и откривање на сопствени афинитети<br>Поттик на понатамошно напредување |
| Одбележување на ден на екологија | 24.03.2026 | сите одделенски и предметни наставници | Учениците од одделенска и предметна настава | Градење на свест и ниво на култура за одржување на чиста околина |
| Организирање  на Велигденски Хепенинг | 26.03.2026 | Одделенски наставници и Совет на родители | Учениците од одделенска настава (1-5 одд) | Одбележување на Големиот Христијански Празник Велигден преку традиционален хепенинг |
| Организирање на забава | 3.04.2026 | Совет на родители, одделенски раководители на 8мо и 9то одделение | Учениците од 8мо и 9то одделение | Одбележување на Големиот Христијански Празник Велигден преку забава за учениците |
| Организирање на квиз игри на знаења | 4.04.2026 | Совет на родители, одделенски раководители на 6то и 7мо одделение | Учениците од 6то и 7мо одделение | Одбележување на Големиот Христијански Празник Велигден преку квизови на знаења |
| Учество на спортски игри и натпревари | Април, Мај, Јуни 2026 | Спортски клуб со одговорни наставници по физичко и здравствено образование | Истакнати ученици во различни спортови | Поттик за спортување и напредување во спортот |
| Реализација на екскурзии и еднодневен излет според програмата на училиштето | Април, Мај, Јуни 2026 | Училиштето и сите одделенски раководители | Сите ученици од училиштето | Поттик за рекреација, социјализација и дружење на учениците |
| Организација на традиционална  приредба на училиштето  „Музичко Талент Шоу“ | 04.06.2025 | Одговорен наставник на ученички Парламент и наставник по музичко образование | Сите ученици од предметна настава | Откривање на талентите кај учениците, поттикнување на љубовта кон уметноста преку музички изведби,негување и едукација на учениците за македонската музика |

## 22.15. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| Реден Бр. | Планирани активности | Реализирани активности | Учесници | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Презентација за наставници (6-9одд.) и ученици на тема: „Ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права“ | Ученичко учество и заштита на детските права<br>Запознавање со функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици | педагог<br>кл.раководители (6-9одд) | 10.11.2025 |
| 2 | Подготвен информатор | Информации за контакт и достапност на ученикот правобранител и неговиот заменик | ученик правобранител<br>заменик правобранител | октомври |
| 3 | Состанок/ци со ученик правобранител и неговите заменици | Запознавање со улогата и упатства за задачите на ученичкиот правобранител и неговите заменици | педагог<br>психолог | 14.10.2025<br>11.11.2025<br>тековно |
| 4 | Прибирање поплаки од ученици за прекршени права и доставување до стручна служба | Почитување на правата на другите | правобранител<br>заменик/ци | тековно |
| 5 | Детектирање на насилни однесувања од поедини ученици во училиштето | Да се разговара за проблемите и да се најдат решенија | правобранител<br>заменик/ци<br>педагог<br>психолог | тековно |
